СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 февруари 1998 година

Скопје, февруари 1998 година

## ОСУМДЕСЕТ И ЧЕТВРТА (84) СЕДНИЦА, IV ПРОДОЛЖЕНИЕ,
## ОДРЖАНА НА 3.II.1998 ГОДИНА


1. АРСОВСКИ БРАНКО 82
2 АБДИ ФАИК 76, 92
3. АНДОВ СТОЈАН 84
4. БАЈРАМ АМДИ 87, 90
5. В`ЧКОВ ЉУПЧО (зам.мин.за развој) 48, 51
6. ВАНГЕЛОВ АТАНАС 93, 95
7. ГОШЕВ ТУШЕ 65
8. ДАВЧЕВ САНДЕ 12, 26
9. ДИМОВ ЛАЗАР 29, 32, 38, 40
10. ИБРАИМИ САЛИ 91
11. КАРОВ ЗВОНКО 35, 39
12. КАДРИУ ЗЕКИР 98
13. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 95
14. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 14, 16, 19, 21, 23, 24, 106
15. НАУМОВСКИ ВАНЕ 20, 22
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седн.) 1
17. ПОПОВСКИ НИКОЛА 73
18. ПАВЛОВ БОРИС 89, 91
19. ПУРДЕ НАЦИ 96
20. РАМАДАНИ ХИСЕН 101, 103
21. РАМАДАНИ САЛИ 101, 103
22. СТОЈАНОВА СЛАВЈАННКА (зам.мин.за финансии) 28
23. СПАСОВ ЃОРЃИ (мин.за правда) 61
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 72
25. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 75
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 77, 79, 100
27. ТРАЈКОВ РИСТО 68, 70
28. ТУДА РАМИ 80
29. ШАЌИРИ ХИСНИ 86, 87

Т.8(...платен промет)-стр.2
Т.9(фондови за заед.резерви)-стр.4
Т.10(...административни такси)-стр.6
Т.12(...станови во општ.сопств.)-стр.46
Т.11(...акцизи)-стр.9
Т.13(...нац.класификац.на дејности)-стр.48

Т.14(ратификација)-стр.52
Т.15(ратификација)-стр.54
Т.17(ратификација)-стр.57
Т.16(ратификација)-стр.55
Т.18(ратификација)-стр.59
Т.20(залог на подв.ствари и права)-стр.60
Т.21(...декл против ТЕРОРИЗМОТ)-стр.71


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од четвртото продолжение на 84-тата седница**
**на Собранието на Република Макеоднија,**
**одржана на 3 февруари 1998 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Продолжуваме со работа по 84-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве информиравме дека пратениците Зоран Шапуриќ, Илинка Митрева ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинство на пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше и во мое име да му го честитам роденденот на нашиот колега Живко Јанкуловски и да му посакам добро здравје и многу успех во работата.

(аплауз)

I/2

сс/св

Минуваме на точката 8 Предлог за донесување на закон за изменување на законот за платен промет.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за платен промет.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (48 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Ве молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам/претресот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 7.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Почитувани пратеници, Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (52 пратеници)

Дали има некој против? (9 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за платен промет.

Минуваме на точката 9- Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на законот за фондовите за заеднички резерви, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на важењето на законот за фондовите за заеднички резерви.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (51 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Ве молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претресот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман за бришење на член 5 и на член 6, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за бришење на член 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од ЗПК и од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Владата ги прифаќа овие атамани што се истоветни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Исто така и овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (63 пратеници)

Дали има некој против. (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за престанување на важењето на законот за фондовите за заеднички резерви.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за административните такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за административните такси.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не,а)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претресот. Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Вадата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Бидејќи со амандманот на ЗПК се подобрува текстот на законот, Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Комисијата финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Исто така и овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (62 пратеници)

Дали има некој против. (не)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за административните такси.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за акцизите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за акцизите.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Ве молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претресот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, член 8, член 11 став 1, член 12 став 1, член 24 и на член 25 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандмани на член 1 за менување на член 2, за менување на член 3, за менување на член 4, за менување на член 5, за менување на член 6, за менување на член 10, член 11, член 12 и на член 23 за додавање четири нови ставови по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лазар Димов, Томислав Стојановски, Панчо Минов, Јован Лазаров, Фаик Абди, Мирко Трипуновски, Симо Наумовски, Бранко Арсовски, Мирко Лазаровски, Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Петар Таалимџиоски, Аце Коцевски, Илија Каров, Кире Видимче и Владимир Соколовски, поднесоа амандмани на член 24 во тарифата на акцизите во тарифниот број 3 став 1 за менување на точка 1 и на член 24 во тарифата на акцизите во тарифниот број 3 став 1 за менување на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 8 во изменетиот член 12 став 1 и за бришење на став 2 член 9 став 1 и за бришење на став 2 и на тарифниот број 3 точка 1 и бришење на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Бидејќи амандманот е еднаков со ЗПК и тој се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Амандманот не го прифаќаме бидејќи сметаме дека така како е уреден во законот во врска со обврзниците за плаќање на поодделни акцизи е во ред и не би требало на ваков начин да се врши измена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Има збор г-дин Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Во што е разликата помеѓу мојот амандман и она што го нуди Владата? Сите овие обврзници на акцизи, направени се во 5 членови, така што има една непрегледност кога се гледа законот. Затоа јас предлагам во еден член да бидат обврзниците а во друг да биде начинот на плаќање така што тоа да биде регулирано за сите обврзници и да има еден ист третман.

Но, бидејќи Владата не го прифаќа, јас овие амандмани до амандманот 10 ги повлекувам бидејќи се поврзани еден со друг, така што до амандманот ги повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам,

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во изменетиот член 12 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Не се прифаќа амандманот на г-динот Најдовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Навистина, ако не друго, очекував барем претставникот на Владата да даде едно кратко образложение зошто не се прифаќа амандманот.

За да бидеме во тек, мојот амандман се состои, и на член 8 и подоцна што се однесува на член 9 и по однос на тарифниот број, се однесуваат на акцизната стапка на пивото.

Ако го земеме образложението на законот што го предлага Владата за донесување за изменување и дополнување на законот за акцизите, очигледно од него може да се забележи дека нашата држава се соочува со проблемот на наплата на акцизите. Како еден од главните фактори на тој проблем на наплата на акцизите се смета дека високите акцизни стапки придонесуваат за интерес кај поодделни субјекти, би се рекло во најпроста мерка за шверц и избегнување на наплата на акцизните стапки.

Го прифаќам предлогот на Владата на РМ нивниот начин преку намалување на акцизната стапка дека е можен помал интерес за избегнување на плаќање на давачките кон државата а со тоа и поголема наплата на акцизите. Но, истовремено не ми е јасен ставот на Владата на РМ, врз основа на што ги дели производите при определување на висината на стапката за акцизите.

Имено, со денешниот предлог се предлага, ако добро се проанапизира, алкохолните пијалаци што содржат висок степен на алкохол или така нарешените жестоки алкохоли што во светот обично

имаат највисока акцизна  стапка да се изедначат, а некои знатно да имаат и пониска акцизна стапка од пивото.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (продолжение)

Сметам дека претставникот на Владата треба да даде едно добро образложение зошто е тоа така на правено. Моето мислење е ако веќе се одредуваат акцизните стапки на алкохолните пијалаци и ако пивото според мислењето на Владата е во иста група со останатите алкохолни појалоци, зошто тогаш не го изеднадачува спрема содржина на процентот на алкохол да ја одредува акцизната стапка. Ако за жестоките алкохоли акцизната стапка е 2 денари по процент на волумен на алкохол во литар, тогаш е необјаснив пристапот на Владата на Република Македонија зошто има ваков третман кон пивото. Имено, би напомнал само нешто. Во законот се дава една кратко образложение односно во делот со забелешките што Владата подразбира под пиво и вели дека пивото односно под пиво се подразбира алкохолен пијалок што се пушта во прометот како пиво без оглед на содржината на алкохолот. Ова верувајте ми, бидејќи ја следев доста време таа проблематика не постои во ниедна држава во светот пивото да има така висока акцизна стапка. Ако се тргне од мислењето на неколку стручњаци во РМ кои што се занимаваат со оваа проблематика и професори кои што напишале книги, ќе се види дека Владата на РМ малку го извртила своето сфаќање за пивото.

Имено, според проф. Јован Дамјановски, цитирам "Пивото претставува пенлив освежителен пијалак со карактеристична арома од хмел со пријатен горчлив вкус". Слично е мислењето и на останатите професори кои што се занимаваат со оваа проблематика. Исто така, проф. Дамјановски смета дека пивото консумирано во нормални граници придонеси за подобрување на општата состојба на организмот. И според

истиот проф. Дамјановски, иако превриено пиво содржи максимум од 4 до 5% алкохол, а кај слабо превриените пива алкохолот е некаде на граница од 2%. Ако е така, зошто Владата на РМ не го зема предвид, како останатите алкохолни појалоци процентот на алкохол кој што го содржи пивото да ја одредува акцизната стапка.

Сметам дека високата акцизна стапка која што Владата на РМ ја одредува за пивото, директно влијае и на продажната цена на пивото во РМ и само за илустрација, кога би се направила една анализа на продажната цена на пивото, ќе видите дека некаде околу 55% изнесува акцизната стапка за пивото. Со оваа акцизна стапка која што ја предлага Владата на РМ, пивото ќе остане како еден би се рекло производ на РМ со највисока даночна стапка. Никаде ќе повторам во светот не постои, жестоките алкохолни пијалоци кои што ќе ги имаме во РМ, на пример, вискито кај нас ќе дојде со 20% акцизна стапка и сигурно Владата на РМ и е во интерес, бидејќи сме голем производител на виски, да претпочита и да промовира повеќе продажба на виски. Бидејќи пивото е многу поштетен производ, по мислењето на Владата, затоа ќе го оданочиме со стапка од 55%. Само како илустрација би навел, моменталната состојба како што ја имаме во РМ, ракијата има некаде 70%, во зависност од квалитетот, околу 70% на акцизна стапка. Во овој случај ќе имаме ракијата да има некаде околу 55 до 60% од производната цена, високиот ќе има околу 20% од набавната цена акцизна стапка, пивото ќе има 55% од производната цена. Верувајте ми дека оваа акцизна стапка повеќе не можат да ја издржат нашите производители. Само да напоменам битолската пивара однеодамна е во стечај, од пред десетина дена. Најголемата обврска или најголемиот долг на битолската пивара е преку 75% од обврските кои што ги има за одење под стечај се токму од неплатени акцизи. Едноставно производителите оваа акцизна стапка на

пивото, не можат да ја издржат. Ако е цел покрај битолската пивара, понатаму да одат и другите, тогаш нека се каже отворено. Но, ваква акцизна стапка повеќе производителите не ќе можат да ја издржат.

Мислам дека претставникот на Владата ако не други барем треба да даде образложение зошто ја задржуваат оваа висока акцизна стапка и зошто не го изедначуваат со останатите алкохолни пијалоци и да се плаќа во зависност од процентот на содржан алкохол.

На крајот, би завршил со тоа што ќе се случи ако некој кај нас произведе пиво и пушти во продажба со 0,5% волумен на алкохол во литар. Тоа го имате во Германија на секој чекор. Имате со различен степен на алкохол, кој што во одредени моменти имаат само назнака на пиво, а содржината на алкохол му е толку ниска што веќе преминуваат и во хранлив производ. Што ако некој кај нас пушти пиво во продажба со 0,5 или со 1% процент на алкохол по литар. Дали и тогаш ќе имате одредена фиксна цена 7,5 денари по пола литар, по што така пивото се продава односно по 15 денари на литар, како што вие тоа го предлагате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам, да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа излегов само да кажам уште две реченици, зашто изгледа дека е беспредметно да се образложува овде ако не повеќе барем претставникот на Владата од толку прозивања и барања и образложение зошто не ги прифаќа амандманите, барем ќе кажеше две,три реченици. Но, очигледно е дека не се има разбирање по однос на ова прашање. Амандманите и вториот и третиот се тесно поврзани со првиот амандман и штом тој не се прифаќа, автоматски дека нема да се прифатат и наредните. Јас, сепак не ги повлекувам, да се види каков е односот кон ова прашање.

На крајот би завршил само со тоа, оние кои што продаваат пиво велат обично по анализите што ги вршат, пивото е производ за ниските и средните слоеви во општеството, додека високиот е производ за најбогатите класи. Најверојатно нашата Влада смета дека во оваа држава сите припаѓаат на високата класа и го занемарува фактот со кој што секојдневно се соочуваме. Сепак, не ги повлекувам амандманите и сметам дека треба да имаат поддршка моите амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги, неколку зборови во врска со овој амандман и колегата ако не ги кажеше последните зборови немав намера да зборувам. Но, бидејќи така рече за висока или ниска класа не се работи за тоа. Во суштина се работи за познавање на материјата од акцизите за досегашната класификација и понатамошна класификација што постои во секоја држава. Вие во самата дискусија во цитирањето што е пиво кажавте дека третманот на неалкохолен пијалак со низок процент на алкохол јасно укажува дека не може да се сврсти во таа категорија на алкохолни пијалоци. Тоа постои во теоријата и не случајно пивото е издвоено. Тоа е еден факт.

Второ, изнесовте факт што значат акцизите во РМ, прво во целина. 11 милијарди процентот е учеството на акцизите во Буџетот, што е 1/4 ичмалу. Друго е прашањето на учеството на алкохолните пијалоци, безалкохолните пијалоци и пивото во структурата на акцизите. Тоа е преддмет на дискусија и не случајно законот што сега е предмет тој дел на алкохолни пијалоци и акцизи ги намалува до една рамка каде што имаше најголеми шпекулации, Нешто слично како кај цигарите. Второ, јас не знам како економист дека може од делот за акциза или од данок на промет фирма да појде во стечај. Ќе ви кажам зошто. Данокот на промет и акцизата го плаќаме ние, јас, вие, потрошувачот. Тие го земаат од потрошувачите. Дали ќе биде данокот повисок или помал и акцизата на наш терет е на потрошувачите. Ако Пивара, било која пивара не ја наплати акцизата тоа е нејзин проблем од добавувачите, од доверителите каде што таа го пласира пивото. Стечајот може да биде и од други обврски спрема доверителите од платите и ред други работи.

II/6

На крајот за она што беше спомнато дали пиеме или не, јасно е дека во РМ не можеме на ваков начин да пријдеме, едноставно во пакет да ги измешаме сите работи и она што е луксузен производ или во случајов се работи за алкохолни луксузни пијалоци, грото кои се од увоз во нашата држава и категорија на пивото, кое навистина има Широка потрошувачка. Тоа не е само за сите слоеви, сиромашните како што вие ги спомнавте. Овој амандман не го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас очекував дека, реков неколку пати, образложение ќе имам од Владата но сепак еве има и од колегите пратеници, кои што во име на Владата тоа ќе го образложат свое мислење. Го прифаќам мислењето на мојот колега, но само да му кажам нешто, ако веќе објаснува теорија, во теоријата за алкохолни пијалоци, ако сакате да знаете во групата на прехранбена индустрија подгрупата алкохолни пијалоци има три вида на алкохоли кои што се делат. Тоа е пиво, вино и јаки алкохолни пијалоци, ако сакате теоретски, таа е поделбата. Тоа е едно. Мислам дека вие токму потврдивте со својата дискусија дека треба да го подржите овој амандман заради тоа што не може пивото да има повисока акцизна стапка во производната цена од вискито. Вие самите кажавте дека увозените скапи жестоки пијалоци процентуално ќе имаат многу пониска акцизна стапка отколку што ќе има пивото. Тоа е првото прашање.

Второ, рековте дека не е вистина од давачките може една фирма да оди под стечај. Вие незнам колку доволно знаете, но според овој закон пиварите во Македонија кога мината година го изменивме законот се должни дали наплатиле или не наплатиле во рок од 45 дена

од денот на настанувањето на купопродажбата, да ја платат акцизата висината на акцизата. Во вакви услови на стопанисување вие самите сте свесни дека колку можеме без разлика дали вие на трговецот или јас кога го купуваме пивото сме му платиле или не, вие знаете колку можат нашите стопански субјекти, не само во пивото, туку и во другите гранки да наплатат. Ако земете да ги споредите колкав е внатрешниот долг на Македонија меѓу стопанските субјекти, вие ќе се фрапирате и тогаш ќе дојдеме до состојбата дека за Македонија е уште поголем проблем внатрешната наплата меѓу стопанските субјекти отколку што е и надворешниот долг. Така, сметам дека воопшто не сте во право во оној момент ако сметате дека со постојниов начин на наплатување на акцизата дека тие стопански субјекти не се доведени во неповолна положба во РМ.

На крајот, не знам јас што ве испровоцирав толку со тоа дека кога реков дека пивото е пијалок на ниските и средните слоеви во секоја држава, а вискито на највисоките слоеви. Вие сакате да го признате тоа или не, но кај мене на село навечер кога ќе излеземе виски скоро и да не гледаме во бифето кога ќе седнеме, па единствен пијалок кој што се пие е виното и пивото. А вие таму во својата средина, ако исклучиво пиете виски, кажете ни го начинот каков е за да стигнеме до тој стандард.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Прво, воопшто не се испровоцира.

Второ, не настапувам во име на Владата туку настапувам како пратеник од средината од каде што доаѓам и должност мие е.

II/8

Трето, оваа материја не ја познавам само од теорија, туку ја познавам и од праксата. Тоа е со тие три одговори. Сега, вие самите кажавте и потполно се сложувам со она што го кажавте дека постојат три категории алкохолни појалоци со висок процент на алкохол вино и пиво. Предлогот на амандманот вие го спојувате алкохолни пијалоци и пиво.

Второ, стечајот од акцизи од внатрешните обврски, тоа се проблеми на фирмите внатре. И Скопска пивара, и Битолска пивара и Прилепска пивара кои се трансформирани и кои ќе се трансформираат 100%, тоа се нивни внатрешни проблеми дали ќе ги платат обврските или не или ќе појдат под стечај. Државата нема повеќе да плаќа обврски спрема тие трансформирани фирми и приватизирани. Внатрешниот долг проблем неликвидност постои во државата и точно е тоа дека постои, затоа што платниот промет грото ни се одлива во кеш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Репилика за г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Немав намера да зборувам за ова, но мислам дека треба доволно да се читаат амандманите посебно кога се напаѓа предлагачот. Прво, г-динот Наумовски да знаете од практика ова што го кажува за пивото, тој можеби консумирал пиво и има практика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да си ги кажувате особините кој што пие, ве молам.

Тоа не ги интересира ни пратениците, ни граѓаните. Дајте за амандманот да зборуваме.

II/9

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Добро, јас да ви кажам од практика, еве и од конзумирање, но и од практика што пет години работев во пивара и работев директно на продажба. Така што имам и на тој план практика. Сега малку околу амандманот пошто вие велите дека јас направив грешка и го спојувам пивото со алкохолните пијалоци. Точно е така, го спојувам, но сега малку размислете и добро погледајте го. Ако добро го прочитате амандмнот јас го изедначувам со другите алкохолни пијалоци. Кога веќе го изедначувам другите алкохолни пијалоци имаат 2 денари по процент на алкохол акцизна стапка. Во тој случај ракијата од 40% волумен на алкохол во литар ќе има 80 денари акциза. По овој амандман кој што јас го предлагам пивото наместо 15 денари како што предлага Владата на РМ тогаш ќе има најјакото пиво од 4 до 5% волумен на алкохол од 8 до 10 денари на акциза што значи не го изедначувам со другите алкохолни појалоци по висината туку процентуално тогаш она што досега го објаснував ќе падне учеството на акцизната стапка во производната цена на пивото. Добро проанализирајте го, бидејќи третиот амандман е и измена на тарифниот број, со тоа што предлагам пивото да влезе во тие, тогаш и пивото ќе има 2 денари по процент на волумен на алкохол содржан во својата цена.

На крајот на краиштата, она што го реков јас, ако кај нас некој произведе пиво, пред 10 години имавме пример од Битолската пивара таканаречениот Пел-6 кој што содржеше од 1,5 до 2% на алкохол во литар, тогаш тоа пиво ќе биде оданочено со 4 денари, а нема да биде оданочено и тоа со 15 денари по литар. Од тие причини, јас предлагам да се сврсти пивото на таков начин и така да се оданочува.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот заменување на член 10 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-га Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот не се прифаќа од причина што нема потреба производителот кој не е даночен обврзник, додека не го продаде алкохолот и нема потреба да врши попис на залихите, исто така и увозникот, нема потреба да ги попишува залихите, бидејќи тој го плаќа данокот во моментот кога ја плаќа и царината.

III/1.- СЈ/ЛБ

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**: (продолжение)

Пописот кај останатите обврзници, трговијата на големо и мали и угостителите нема потреба, бидејќи платиле претходниот данок, акцизата кога претходно вршеле попис.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници,

Мислам дека заменик министерот објасни некои работи, меѓутоа заборави дека секогаш се прави попис при промена на цените, дали се однесуваат на акцизите или се однесува на данокот. Ако се покачеа акцизита тогаш правиме попис, така да секој учесник во прометот ќе ја зголеми цената. А сега кога се враќа назад бидејќи некој платил акциза на оној што има големи залихи како трговец или како увозник сега ќе се најде во многу незгодна ситуација бидејќи наредниот ќе увезе по многу ниски акцизи. Така да, некој од фирмите кои се бават со оваа проблематика ќе се најдат во многу лоша ситуација.

Бидејќи Владата не го прифаќа , го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа.

Амандманот се прифаќа.

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

(од место пратеникот Давчев вели дека го повлекува амандманот)

Го повлекувате?

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

(пратеникот Давчев од место вели дека ги повлекува сите амандмани).

Сите ги повлекувате?

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 24 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот се прифаќа.

III/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот во тарифниот број 3 точка 1 и за бришење на точка 2 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи претходно не беа прифатени амандманите и овој амандман не се прифаќа, на г-дин Најдовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 во тарифата на акцизите во тарифниот број 3 став 1 за менување на точка 1 поднесен од пратениците Лазар Димов, Томислав Стојановски, Панчо Минов, Јован Лазаров, Фаик Абди, Мирко Трипуновски, Симон Наумовски, Бранко Арсов. ски , Мирко Лазаревски, Љупчо Мешков, Слободан Даневски, Славчо Чапов Петар Талименџиовски, Аце Коцевски, Илија Каров, Кире Видимче и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА;**

Бидејќи акцизата претставува индиректен данок кој паѓа на товар на потрошувачите како индиректен данок, тој треба да биде неутрален. Неутралноста треба да биде во однос на производителите, во однос на потеклото на производот, дали се домашни или увозни и во однос на потрошувачите.

Увозните алкохолни пијалоци се оптоварени, тоа е еден аргумент, друг е , увозните алкохолни пијалоци се оптоварени исто така со царина која што изнесува 60% + 1% за евиденција односно 61% со ваквото оптоварување увозните алкохолни пијалоци во однос на домашните се заштитени во еден дел во висината на цената .- Исто така понатаму друг аргумент е и тоа што РМ настојува да стане членка на светската трговска организација, а оваа организација не признава дискриминација на производите во зависност од потеклото.

Друг аргумент е и тоа што спогодбата на Европската унија во членот 23 забранува дискриминација односно воведување различни даноци во зависност од потеклото.

Сите тие се аргументи заради кој Владата не може да го прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател,

Слушајќи ги аргументите што ги изнесе претставникот на Владата само можам да заклучам дека тоа се аргументи кои што во дадената ситуација не држи. А, зборувањето дека данокот е работа која што ја плаќа потрошувачот, тоа е позната работа. Тоа е позна- та работа која што ја плаќа потрошувачот. Но, исто така позната работа е дека акцизата се засметува на најразлични начини особено кога се работи за со понизок и со повисок квалитет обично и досега се засметуваше на вредноста на алкохолот, а не на алкохолните единици.

Овие измени, ова упростување што сака да го направи Владата држи, но дава одредени корекции. Да ја потсетам г-ѓата дека во досегашниот закон за акцизи односот беше следен. Таму не се третираа пијалоци од страно или домашно потекло, се третираа пијалоци

со природно потекло и пијалоци со вештачко потекло. Само, колку да знаете пратениците данокот на пијалоците од природно потекло акцизата беше 70%, додека онаа на вештачките пијалоци беше 130%. На тој начин беше направено и раздвојување на пијалоците од домашно потекло и на пијалоците од страно потекло.

Исто така да и кажам на г-ѓата дека трговската размена и законите на светската трговија тежнеат кон тоа сите производители во сите земји да се стават на исто ниво и тоа не е така бидејќи сигурно би требало да знае како нашите увозници на алкохолни пијалоци поминуваат за извоз во Европа и низ кои бариери минуваат. Не да има дискриминација. И , те, како има дискриминација. Тоа сигурно треба да го знаете. Но, ова сигурно е многу добар одговор, така во светот па сега ние ќе одиме во свет. Кога се нема одговор на прашањето из- говорот е во светот.

Јас да и ги кажам следните податоци за оваа работа.

Бидејќи потекнувам од подрачје кое што е центар на производството на овие пијалоци ќе го кажам следното: Македонија имеше до пред 10-тина години околу 36 илјади хектари под винова лоза. Сега површините се намалени на 26 илјади хектари. Македонија не само како примерно производство има околу 220 милиони литри капацитети за преработка на пијалок. Да кажам друг податок. Само овие комбинации кои што ги произведуваат жестоките пијалоци, произведуваат годишно над 6 милиони флаширани пијалоци односно над 6 милиони пијалоци на домашниот пазар. И, ако сето тоа го собереме произлегува дека на овој начин ќе постоја проблеми за ова производство.

Третата работа која што ја премолча, не ја кажа, ја кажа делумно, но делумната вистина е исто така како невистина кажа дека странските пијалоци се оптоварени со дополнителна царина од 60% и дека на тој начин нашите пијалоци ги довеле во заштитена положба.

Тоа е половина вистина. Што зборуваме за пијаловците кои во главно доаѓаат од Србија , Хрватска , Црна Гора и тн. каде што е царината 1% и кои што се претежно кај нас извозници на вешатчите пијалоци. штокови и тн. и тн.

Јас и групата со предлогот на овој амандман сакавме само на овој начин во рамките на можностите да ги раздвоиме (пратениците разговаат меѓу себе во салата) претседателе ве молам, не им е интересна материјата .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам.

**ЛАЗАР ДОМИВ:**

Да ги раздвоиме на некој начин домашните пијалоци од странските. Јас допуштам дека можеби не е во ред и не би било добро да биде 2 со 1, како што е предлогот да остане два денара до странство за алкохолните пијалоци, а еден за домашните, можеби , јас и амандманот би го повлекол ако распределбата ја направиме на следниот начин: ако го врземе тоа со пијалоци од природно потекло и пијалоци од вештачко потекло. Јас пак би помогнал бидејќи веднаш ќе кажат дека сметката не излегува, сметката е направена, два денара од алкохолен -толку пари ни требаат. Значи таа математика да биде точна.

До колку постои расположение кај претставниците на Владата јас би направил отстапка да не биде поделбата на пијалоци од домашно потекло и пијалоци од страно потекло. Да биде иста поделбата како што беше во претходниот закон да имаме поделба на пијалоци со алкохол од вештачко потекло и пијалоци со алкохол од при- родно потекло, па таму, место да биде односот 2:1, нека биде за вештачките 2,5 а 1,5 да биде за природните , на некој начин ем да создадеме услови Буџетот да биде пополнет колку што сме го испланирале и македонското производство на некој начин да го заштитиме и да ги заштитиме луѓето

да пијат пијалоци од природно потекло. Толку пари и финансиравме 3 милиони марки за ЕКО храна барем ова нека биде придонес на Собранието за таа работа.

Исто така сакам да ја кажам следната работа: Во предлогот на овој закон како мерка, како основица за даночење се зема алкохолната единица. Мислам дека тоа не е во ред, но сега да не се руши концепцијата на Министерството на Владата . Јас би се согласил до колку претставникот на Владата се согласи , до колку овој амандман не го прифаќа јас ќе поднесам амандман во кој што распределбата би била на основа на акохоли со вештачко потекло и алкохоли со при- родно потекло во однос 2,5 денакри за алкохолите со вештачко потекло и 1,5 денар за алкохлите од природно потекло.

И на крај да кажам дека ова не е европски на претставникот на Владата, да ја кажам следната работа, бидејќи така не е во Европа. Мене не ми е јасно дали е ефектот од конзумирањето на жестоките пијалоци е ист кај оние што немаат пари и оние што имаат пари. Ако по тоа се водела Владата навистина, овие поефтините пијалоци алкохолни, а пожестоки требало да му стават поголема акциза бидејќи навистина ефектот од пиењето на алкохолот во разубавувањето на стварноста е поголем кај сиромашните отколку кај оние што пијат виски. А, сега испаѓа исто и оној што пие виски на државата ќе и плати исто пари и оној што пие бучкуруш акцизата на државата ќе биде иста. Барем ако се владее по ефектите од разубавувањето треба на овие посиромашните да ги зголеми парите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ајде, за пиво, виски - да. Ама за бучкуруш немојте, ве молам.

Дали некој друг бара збор,

Има збор г-дин Звонко Каров,

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Добро, колегата од тиквешијата почна со една аналитика па и јас да се обидам со една аналитика од еден друг агол да помогнам во објаснувањето на амандманот зошто јас нема да гласам односно да го прифатам.

Прво, пред се, да тргнеме од оној дел -аналитичкиот дека делот на алкохолните пијалоци во структурата на акцизита учествува негде со два, два ипол проценти . Акцизите во РМ од алкохолни пијалоци се некаде 270 до 280 милиони денари , а тоа еден минимален дел од вкупниот износ на акцизите од 11 до 12 милијарди денари. Тоа е еден податок кој што во неговата расправа беше заборавен, а вториот уште поважен податок е што во добивањето на приходот кога станува збор за акциза, не се мисли само на домашни производители, се мисли на страни производители.

Ова е преодно решение пред се , да обезбеди приход по основ на акциза намалена за производителите и увозниците кои што донесуваат алкохолни пијалоци на територијата на РМ имајќи го пред-вид дека во 270 милиони денари некаде два до три посто учествуваат акцизите од страна на увозниците на алкохолни пијалоци и на странските производители на пијалоци.

Ова решение како преодно имајќи во предвид дека од 1 јануари барем по програма треба да се тргне со Законот за данок на дода- дена вредност треба да го сватиме како преодно решение имајќи во пред- вид дека тоа ќе биде во неколку фази оптоварувањето по основ на акцизи.

Второ, ова преодно решение оди во корист и на потрошувачот бидејќи акцизната стапка како стапка или како износ е намалена имајќи го во предвид просечното оптоварување на нашата позната тиквешка ракија некаде од'110 денари, сегашното оптоварување ќе биде 80 денари. Тоа просечно ќе биде 80 денари, а досегашното е 110 односно 111 денарк Според тоа имам едно решение кое оди во корист конкретно кај нас на Агрокомбинатот "Тиквеш" од Кавадарци.

Втора работа како решение кое што нуди поволност е што за прв пат во сверата на алкохолните пијалоци ќе се воведат бандероли. Тоа е во интерес на нашите домашни производители за сметка на алкохолот што досега беше шверцуван и на домашниот пазар одеше без бандероли.

Тоа нашите производители го сакаат. Конкретно Агрокомбинатот "Тиквеш" и "Повардарие" нема против од преодното решение за- тоа што акцизата ќе ја плаќа на негов производ кој што и така е легитимен на пазарот. Тие се задоволуваат со решение и другиот производ кој што се увезува на територијата по основ на шверц да биде обележан и да ја плати давачката на име акциза.

И, трет аргумент кој што во расправата беше експлоатиран, виски, ракија, во практиката добрите познавачи на оние кои што се бават со дејноста производство на алкохолните пијалоци многу убаво и јасно кажуваат дека вискито никогаш не може да биде или обратно ракијата, конкурент еден на друг. Тоа се различни пијалоци а и во оваа сфера нема да бидат конкурентни бидејќи простата математика кажува дека по ова акцизно оптоварување вискито негде би било од акцизното оптоварување затоа што не плаќа акциза од 1000 денари, сега ќе плаќаат и тоа ќе се движи некаде од 850 до 900 денари, а математиките кажуваат дека лозовата ракија ќе биде негде 230 по претпоставка да не

се експлоатира трговската маржа. И, на крај, да не го спомнува она што значи дискриминација на еден пат кој што сакаме да одиме по потеклото на стоката од домашен и странски производител.

Заштитни мерки имаме по основ на други механизми, пред се, царинската и даночната политика.

Не го прифаќам овој амандман.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Јас не знам дали претставникот на Владата не сакаше да станува да ми одговори и го најми Звонко да ми одговори, но добро тоа е тоа. Не сакам да полемизирам со Звонко и мислам дека заборави да каже многу работи, зборува, тоа што јас не го зборував.

Прво и прво, јас реков дека оданочувањето со акциза на овој начин како што се предлага дефакто не е акциза чија основица е вредноста на самиот пијалок, дали ќе биде најобичен пијалак, најдобар и тн., јас само реков дека и најлошиот квалитет на алкохол, помалку или повеќе сите жестоки пијалаци се движат од 40 до 45 степени сите тие пијалаци во овој случај, бидејќи мерката е алкохолен степен, сите пијалаци кои имаат 40% алкохол ќе имаат акциза 80 денари. Дали тоа ќе биде најобичната ракија или најдобрата ракија, ќе има ист товар од државата, значи исто на државата ќе и плаќа. Јас сметам дека тоа не е в ред. Зошто тоа не е в ред? Бидејќи како оди луксузноста на пијалаците, сигурно треба да и дадат повеќе на државата. Заради тоа го спомнав она дека ако пак Владата тргнала од тоа какви се ефектите во животот кај оние што пијат најевтина ракија и оние што пијат најскапа ракија, тогаш можеби би требало ако одиме по тоа да направиме акцизата за најлошите пијалаци да биде најголема.

Другата работа што "од Европа полна уста, а тука куќа пуста", исто и Звонко во Европа тргнал, тој кажува дека ние со данокот на додатна вредност и тн., во три четири фази тоа ќе го правиме. Тоа е позната работа, в ред е дека данокот на додатна вредност не треба да биде на

основицата на акцизата и тн., но тоа  нема врска со оваа работа. Јас тоа го кажав во мојата дискусија.

Исто така, сакам да кажам дека ова што го предложив јас како некоја алтернатива, покрај нашиот амандман што го имаме, се работи за следното: ако сметката е направена на 2 денари од алкохолен степен, со тоа се покрива да кажеме тој дел од Буџетот, в ред. Ако не е в ред пред таа Европа, но се сомневам дека не е в ред, но добро, и за тоа да попуштиме, барем да ја оставиме онаа основна поделба, како сеуште не сме во Европа, а од утре ќе бидеме во Европа. Овој закон за акцизи скоро го донесовме, каде што имаше 130% за алкохоли со вештачко потекло и 70% со природно потекло.

Предлагам, доколку Владата се согласи, тоа разграничување да не го прави по основ на пијалок од домашно потекло и пијалок од странско потекло, тоа тоа разграничување да го правиме на ист начин како што беше и досега во овој Закон, пак на истиот принцип, нека бидат алкохолните единици 2,5 денари за пијалоци со вештачко потекло, 1,5 денар за пијалоци од природно потекло. Мислам дека тоа е најмалиот придонес кој можеме ние како Собранието да го дадеме во оваа област и во оваа гранка и плус тоа што Звонко го кажа дека тоа не е ништо во вкупните пари. Ако не е тоа ништо зошто да не помогнеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Јас не реков не е ништо за акцизите, реков досегашното акцизно оптоварување на жестоките пијалоци од 130%, конкретно вискито, значи

оптоварување на увозникот од 130%, од 1100 денари на вискито. Вискито го имаме на пазарот, немаме акциза. Му кон- курира ако не плати 1100 денари, на наш "Тиквеш" со 70 денари, со 700 денари виски. Вака имаме едно преодно решение, ако ништо друго да плати 100 денари на набавната цена, нека си продава. Барем да плати во Буџетот во акцизите. Од вкупните 270 милиони денари, "Тиквеш" и твое и мое "Повардарие" плаќаат 260 милиони. Од увоз на алкохолен пијалок јас не знам дали Владата има податок, дали 2% ги полнат акцизите. Преамбициозно е решението, јас мислам ќе се изврши. И онака домашните производители ги полнат акцизите. Со ова решение акцизното оптоварување може нешто за мастика тука има, но за лозовата ракија ние имаме намалување на оптоварувањето сега за 30 **денари.**

**ЛАЗАР ДИМОВ:** (од место)

Не е точно.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Точно е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Видете каков добар аргумент Звонко изнесе. Оваа работа ќе ја направиме вака идеално од Владата, да ни намалиме акцизите на вискито, белки ќе курдисаат да го плаќаат. Мислам дека тоа воопшто не држи. Кој и забранил на Владата, кој им забранил на министерствата и

надлежните органи по постојниот закон да се наплаќаат акцизите. Сега Звонко ми кажува мене дека со тоа што акцизата за виски, па и за неговата кавадаречка "жолта" или најнизок тип на ракија давачките на државата ќе бидат исти, било таман. Пак оној што не плаќа нема да плаќа било каде, ако соодветните органи што имаат задача таа работа не ја прават и не ја контролираат.

Исто така, позната е таа работа, јас не критикував в ред е акцијата да се плаќа еднократно на изворот на создавањето, произведувачот или на изворот на внесувањето, а понатаму да не биде како што беше досега надоградување, да биде со оној данок на додатна вредност. Тоа си е друга работа, не спорам, тука не е спорно.

И една работа што Звонко ја заборави, јас ја спомнав и ја образложив. Со царините или дека е заштитен 60%. Што правиме со увозот на алкохолни пијалоци и жестоки пијалоци, од Србија и Хрватска каде имаме 1% и кој знаеме дека имаат алкохоли од вештачко потекло. Сите штокови и др. доаѓаат од таму. Ако малку имаме чувство за овие кои тука живеаст и работат мислам дека мораме вака да гледаме, бидејќи јас уште еднаш ќе ви кажам кој е проблемот на нашите извозници со алкохолни пијалоци, мислам само тие си знаат низ кои се бариери не треба да поминат. Не да нема дискриминација, 100% има дистрминација. Така што ова европејството мислам дека е в ред, но некако да го направиме да не биде нам да ни биде лошо. Ако зборуваме дека 6 милиони литри, па можеби до 7 милиони литри овие што се регистрирани овде се продаваат. Најевтиното е 3 марки, 90 денари, тоа е цирка скоро 20 милиони марки.

Тоа е пазар на овие што продаваат. Според досегашната сметка тоа се 15-16 милиони марки акцизи.

Според тоа, бројките што ги кажав овде се само во функција да го доведеме нашиот пијалок во рамноправна положба со овој од надвор. Да знаете тие од надвор што прават штокови и други работи, па и винјаци кои се увезуваат овде, тие ги прават, земаат дел од нашиот алкохол, па рафинади прават, матат и тн. и сето тоа стигнува овде. Сега, според поранешните закони - овде не е министерот за земјоделство - кај нас е забрането употребата на шеќерот во создавањето на алкохолот. Постојат закони, уште не се изменети, и сега ако во исти услови ги ставиме и природните и вештачките пијалоци, мислам дека не е в ред.

Затоа, уште еднаш го молам претставникот на Владата, бидејќи овој амандман што е предложен не го прифати, со тоа образложение, јас еве се погрижив да дадат образложение, исто така сваќајќи ги проблемите при планирањето на буџетот и тие средства, во интерес на интересите во оваа гранка предлагам и овој амандман да го корегираме, да имаме поделба на алкохоли со природно потекло каде што 1,5 денар ќе остане по алкохолна единица и алкохоли со вештачко потекло со 2,5 денари. Со тоа ниту сакам да ја рушам концепцијата на плаќање, ниту сакам да ги рушам вкупните пари кои по овој основ би се собрале во Буџетот но на некој начин да направиме некој вид на стимулација за пиење на домашни односно за пиење на природни пијалоци. Тоа е мојата желба. Доколку претставникот на Владата вакво нешто прифати, овој амандман јас би го изменил само со овие проценти.

IV/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво да се договориме дали претставникот на Владата прифаќа вака модифициран амандман или во писмена форма да го доставиме.

Молам да се произнесе претставникот на Владата.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи тој амандман сега би се дал, ние како Влада го предложивме ова решение со предлогот на донесување на закон со Предлог на закон што сега го имаме на дневен ред, мислам дека не би можеле овој амандман да го прифатиме така, а плус тоа го немаме амандманот да го погледаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е проблем, амандманот ќе се поднесе во писмена форма, тоа е деловничка обврска, дали воопшто може да се разговара или да не губиме време. Идејата е јасна, ако се прифати вака модифициран амандман, како што изнесе г-динот Димов, има смисла за тој напор во писмена форма да се напише. Ако не, нема потреба од таков труд.

Значи, не прифаќате ни таква модификација на амандманот.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

22 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

IV/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 24 во тарифата на акцизите, во тарифниот број 3 став 1 за менување на точка 2 поднесен од пратениците Лазар Димов, Томислав Стојановски, Панчо Минов, Јован Лазаров, Фаик Абди, Мирко Трипуновски, Симон Наумовски, Бранко Арсовски, Мирко Лазаровски, Љупчо Мешков, Слободан Данески, Славчо Чапов, Петар Талимџиоски, Аце Коцевски, Илија Каров, Кире Видимче и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

. Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи амандманот е со иста дистинкција како претходниот амандман за поделба на домашно и увозно, само овде се работи за пиво, а претходно беше за алкохолните пијалоци, не го прифаќаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

7 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 5 поднесен од ЗКП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со работа со Текстот на предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

44 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Молам, колку пратеници се присутни во салата?

(По пребројувањето)

49 пратеници се присутни во салата.

Предлагам пауза до 14,30 часот.

(Паузата отпочна во 13,15 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Застанавме кај гласањето по Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник).

Дали има некој против? (9 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменува- ње и дополнување на Законот за акцизите.

Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. Излегов на говорница да се изјаснам дека ќе го поддржам Предлогот на законот што е денеска на дневен ред. Меѓутоа, сакав да дадам една забелешка по однос на ова прашање. Имено, во јавноста, а искрено да кажам и јас не сум доволно информиран по однос на прашањето на општествените станови. Затоа мислам дека би било ред кога веќе расправаме по ова прашање да имаме една информација околу тоа со колкав број на станови располага и до каде е состојбата на

отуѓувањето на становите во Републиката. Тоа беше она што би сакал по однос на ова прашање да го кажам и мислам дека треба да се уважи и можеби ќе биде добро Собранието денеска да усвои еден ваков сличен заклучок и Владата да му предложи на Собранието една ваква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа се прифаќа од страна на претставникот на Владата за наредната седница, или за некоја од наредните седници.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменува- ње на Законот за продажба на станови во општествена сопственост.

Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за национална класификација на дејностите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, од- носно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон за национална класификација на дејностите.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот В'чков, заменик министер за развој.

**ЉУПЧО В' ЧКОВ :**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, потребата од обезбедување на релевантни и квалитетни статистички податоци кои наоѓаат практична примена во сите анализи и проекции во областа на економијата, демографијата и другите области е една од главните причини за донесување на овој закон. Во октомври минатата година

ова Собрание го донесе Законот за државна статистика, но остана обврската да се усогласат и другите сегменти од статистичкиот систем и со донесувањето на овој закон фактички заокружуваме една значајна регулатива во тој дел. Во тој правец денеска расправајќи по овој Предлог-закон, фактички вршиме и усогласување на нашите стандарди со оние што значат во меѓународните стандарди и стандардите од Европската унија, а овие активности Заводот за статистика ги започна уште во 1993 година, а последните две години веќе и врши пробно класифицирање според новата номенклатура, со што се врши едно заокружување на сите досегашни активности.

Дозволете кратко да кажам за начелата на кои базира овој закон и се разбира за содржината на истиот. Законот базира на две основни начела, а тоа се начелата на воспоставување на единствен стандард и обезбедување целосен опфат на сите деловни субјекти. Оклу самата постапка на донесување на оваа активност запишувањето на дејностите се врши од соодветниот орган, а додека утврдување на претежната дејност се врши од страна на директорот на Заводот за статистика со утврдена постапка.

Во однос на динамиката на активностите по овој закон претстои една обврска после донесувањето на овој закон да се донесе од страна на Владата соодветната национална класификација и после тоа да се дадат соодветните обрасци, да се пропише, да се изврши соодветно пререгистрирање на досегашните субјекти и да се востанови постојната евиденција која што ќе се базира на новата регулатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

V/5.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за национална класификација на дејностите.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 4 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман за заменување на зборовите "евиденција на правни субјекти за статистички потреби" со зборовите "регистар на деловни субјекти со претежна дејност" во целиот текст на Предлогот на законот по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 алинеја 3, член 11 став 4, член 12 став 1, член 14 став 2 и на член

16 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се сос- тавен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за заменување на зборовите "евиденција на правни субјекти за статистички потреби" со зборови- те "регистар на деловни субјекти со претежна дејност""во целиот текст на Предлогот на законот, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУПЧО В'ЧКОВ:**

Владата на Република Македонија не го прифаќа овој амандман од следните причини. Ние во месец јуни о.г. расправавме по еден Предлог за донесување на закон за деловен регистер, но потоа заклучивме дека во пакет мораме да ги донесеме сите национални регистри кои од прилика се околу осум, тоа се Регистарот на граѓани, на не- движен имот, на подвижен, хипотеки, територијална поделба и тн. Од истите причини кога станува збор за регистри ова би бил само еден дел од овој целокупен национален регистер и сметаме дека во оваа прва фаза, а бидејќи времето дозволува добро е да се оди за потребите на статистичките анализи во делот на она што значи макроекономски агрегати, а веќе во овој месец имаме едно комплетно законско решение за сите регистри. Така што во тоа законско решение кое веќе се подготвува од страна на Министерството за финансии ќе биде пред- нмет и овој регистер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

V/7.-

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали има некој воздржан? (нема).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за национална класификација на дејностите.

Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Руската Федерација за економска и техничка соработка во областа на енергетиката, сообраќајот и врските, водостопанството и земјоделието и во сферата на нестопанските дејности, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, однос- но поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за економска и техничка соработка во областа на енергетиката, сообраќајот и врските, водостопанството и земјоделието и во сферата на нестопанските дејности.

V/8.-

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (66 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници).

Дали некој има против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за економска и техничка соработка во областа на енергетиката, сообраќајот и врските, водостопанството и земјоделието и во сферата на нестопанските дејности.

V/9.-

Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за поттикнување и заемна заштита инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за поттикнување и заемна заштита на инвестициите.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали некој има против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен' предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го затворам општиот претрес, отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Рис-ката федерација за поттикнување на заемна заштита на инвестициите.

Минуваме на точка 16-Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон

VI/2 .-

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Руската федерација за одбегнување на двојно оданочување по однос од данокот на доход и данокот на капитал.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржан ? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Руската федерација за одбегнување на двојното оданочување по однос од данокот од доход и данокот од капитал.

Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за меѓународен патен сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за меѓународен патен сообраќај.

Кој е за, молам да крене рака? (65 )

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за меѓународен патен сообраќај.

VI/5.-

Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научно - технолошка соработка помеѓу македонската Влада и Владата на Украина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот ,• со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени , односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научно - технолошка соработка помеѓу македонската Влада и Владата на Украина.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (65)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот т на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот ва законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака ( 64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за научно - технолошка соработка помеѓу македонската Влада и Владата на Украина.

Минуваме на точка 20 -Предлог за донесување на закон за залог на подвижни ствари и права.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Горѓи Спасов, министер за правда.

(Прилог)

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе,

Почитувани пратеници,

Владата на Република Македонија денес Ви предлага уште еден Закон со кој се обликува пазарниот амбиент во нашето стопанство.

Ви предлагаме всушност Закон кој носи име: Закон за залог на подвижни ствари и права односно Закон со кој ќе им биде овозможено на сите фирми, приватни стопанственици, индивидуални земјоделци, занаетчии и трговци кои имаат потреба од кредит да можат да го добијат и да гарантираат за неговото враќање со ставање под хипотека на подвижниот имот што го поседуваат или пак со ставање под хипотека на таканаречените вредносни хартии што им гарантираат некој вид добивка од акции со кои располагаат или други приходи што им се гарантирани.

Со досегашниот закон за облигациони односи беше можно да се добие кредит со давање под хипотека на некои предмети од вредност но кредитодавачот или доверителот ги земаше во тој случај тие предмети како гаранција на чување кај себе. Оттука, тоа функционираше на ниво на ситни позајмици.

VI/8 .-

Врз основа на искуствата од развиените пазарни стопанства и земјите кои се заинтересирани да пласираат дел од сопствениот финансиски капитал во нашата држава, со овој закон ќе обезбедиме за секоја фирма или граѓанин кој располага со земјоделски машини, транспортни средства, приватни коли, стада овци, говеда или друг подвижен имот да може да добие кредит со ставање под хипотека на тој имот, а притоа се до исплаќањето на долгот односно до враќањето на кредитот да може да управува и да ги користи средствата со чија што вредност гарантира дека ќе го врати кредитот.

Ставањето на ваквиот имот и на споменатите права под хипотека заради добивање на заем ќе се прави со договор а секое парче имот ставено под хипотека ќе биде запишано во централен државен регистар за што ќе се формира посебна дирекција при Министерството за правда.

Законот всушност создава услови овластените банки, доверители, кредитори во земјава полесно да даваат кредити за развој на индустријата, земјоделството, занаетчиството, туризмот и други области со што би се поттикнала индивидуалната иницијатива и би се задвижил индивидуалниот потенцијал во државава. Истовремено

законов создава целосна сигурност за кредиторите дека еден исти имот не може истовремено да биде заложен кај повеќе доверители и им обезбедува на доверителите кои по овој основ дале кредит со сигурност и брзо, без долга процедура да си ги добијат средствата што ги дале на заем.

Законов исто така овозможува барањата на доверителите да се остваруваат и по вон судски пат со што се избегнуваат судските трошоци и се скратуваат роковите за реализација.

Се на се, Владата денеска Ви предлага да прифатите закон со кој се воведува еден модерен инструмент мошне познат во пазарните стопанства со кои што ја дообликуваме нашата пазарна економија и со кој сме убедени дека ќе дадеме поттик во развојот на приватната иницијатива и ќе го овозможиме приливот толку потребниот финансиски капитал за развој на економијата во нашата земја за зголемување на вработеноста и за подигање на животниот стандард.

При изготвувањето на овој закон Министерството за правда ги имаше предвид решенијата содржани во членот 9 од еднообразниот трговски закон на САД, Полскиот закон

за регистриран рачен залог и заложен регистер како и модел- законот за обезбедување на побарувањата на Европската банка за обнова и развој. Истовремено ги имавме предвид и мислењата на низа експерти од Европската унија.

Би сакал во оваа прилика, почитувани пратеници да Ви се заблагодарам на сугестиите што беа дадени за време на расправите по комисиите во Парламентот за овој закон и Ве повикувам да гласате за негово донесување.

VI11 .-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе,

станува збор за еден сериозен закон кој ќе уреди една матери- ја која ги уредува имотно - правните односи и го потпомогнува пазарното стопанство и стоковно - правните односи кои ќе се случуваат во нашата земја. Оттука би сакал да кажам неколку збора во врска со самата концепција на законскиот проект, и целта која треба да ја постигне.

Сакам да истакнам дека залогата е дел од облигационото право кое денес го имаме и почнувајќи од членот 966 до 996 , фактички со овој закон сакаме да го промениме , а во суштина законот е почнат со работа 1960 година, а донесен во 1978 година и при промената на општествено политичкото уредување на нашата земја, дефакто се отвори правна потреба од донесување на нов закон за облигационите односи. Не случајно Министерството и Владата го одбраа баш тој момент, тој фрагмент од законот за облигационите односи, не како доктринарна потреба или како вештачка творевина да донесе закон за залогите на подважни ствари и предмети, туку како реална потреба за потпомагање на стоковно правните односи и на пазарното стопанство за кое ние се определивме со Уставот на РМ.

Поаѓајќи од тие принципи дека ние градиме стоковно стопанство во нашата земја треба да изградиме и правен инстријумтариум, а тоа е да имаме ефикасно право, ефикасна држава, павна сигурност на граѓаните, збогатување на сите материјални вредности во правниот промет на пазарот без да бараме кредити , да овозможиме приватната иницијатива

да дојде до полн израз , да овозможиме правната сигурност на земјата во исполнување на обврските кои ќе се преземаат во правниот промет. Оттука и самата неопходна потреба од реалното стопанисување на стопан- ските субјекти кои учествуваат во пазарното стопанисување во нашата земја, Владата правилно го оценила и мислам дека овој законски просек во суштина ќе рашири едно тесно грло во спроведувањето на сто- ково- правните односи и пазарното стопанство во РМ.

Законот се состои од 64 члена од кои првите 42 члена се од- несуваат за двата правни институти кои ги предвидува, а тоа е залогата и регистрираната залога, пропишува регулаторниот капацитет на законскиот просек што значи двата вида на залоги. Подоцна од членот 42 до некаде членот 60 пропишува постапка за спроведување на тоа право кое му го дава. На крајот во третиот дел од номотехничкото пишување се казнените одредби за почитување на законскиот проек.

Сакам да истакнам дека во суштина станува збор за два нови института. Тие можеби ги потпомагаат облигационите односи, но во суштина се стварно правни односи, а тоа е дека со залогата се потпо- магаат облигационо - правните односи кои ќе бидат заклучени, или се создава правна сигурност за граѓаните кои учествуваат во правниот промет, во исполнувањето на своите обврски кои ќе ги преземат. Ста- нув азбор за тоа дека залогата во суштина станува официјален договор кој се мора да биде заклучен во задолжителна форма и станува збор за залога регистрирана во регистар кој ќе се води , во дирекцијата во состав на Министерството за правда. Оттука се отвараат повеќе дилеми и повеќе расправии и не е на одмет колективниот ум во РМ да го испо- читуваме и да дозволиме тие да седат со скрстени раце и молив на уво, а ние пак да донесуваме закони. Оттука сакам да истакнам дека двата

институти кои се новина во РМ , дека тие во суштина ќе ја збогатат и зголемат правната сигурност на стопанските субјекти кои ќе учествуваат во правниот промет на стопанисувањето во нашата земја. оттука единствено станувашe збор во јавната расправа за тој законски проект, за неговата ефикасност.

Ако ние во нашето право се определивме за материјално правните постапки на странките кои ќе учествуваат во правниот промет да ги обезбедуваат преку судовите и се определивме за конститутивниот облик на пренос на права, а тоа е дека сопственоста до крај не ја пренесуваме како право на сопственост туку како овластување кое мора преку постапка утврдена со судот , а судот преку пресуда да овозможи да се исполнат обврските за дадената залога од една страна, а од друга страна спроведувајќи ја таквата постапка , упатувајќи на други законски проекти како што е граѓанскиот закон за стварно правните односи и како што е законот за извршната постапка, дали во суштина повторно не го стеснуваме грлото во ефикасноста на самиот законски проект. Оттука јас би дал и едно мое видување во врска со самата постапка.

Ако ние веќе се определуваме за ефикасна држава, јас би го протежирал правото на транслативниот пренос на сопственоста. Тоа значи дека само со материјално - правна еднострана изјава да може презе-мените обврски да се претвораат и во право на сопственост. А никако преку постапката која предвидува во диспозиционото располагање на правата и обврските низ институциите што се случува да расправаат во врска со спроведувањето на материјално - правно побарување, да се стеснува постапката и повторно да се руши сигурноста на доверителите во облигационо - правните односи кои ќе настапуваат. Оттука сум за тоа

да ја скратиме постапката и да предвидиме една новина, а тоа е транслативниот пренос на правото на сопственост, кога веќе некој влегол во некој облигационо-правен однос за , со еднострано дадената материјално-правна изјава да се стекнува и правото на сопственост, повторно да не се оди на пишманлг, на манипулација со право и со правење на законот да не биде ефикасен. Оттука сметам дека и забелешката на колегите адвокати кои практично ќе го применуваат законскиот проект се упатни и дека правењето на последната фаза на законот треба да се има во вид.

Втора забелешка беше, дирекцијата која се предвидува да биде во состав на Министерството за правда, дали согласно на Законот за органите на управата, ние се определуваме да имаме континентален систем на управна постапка кај нас. Дали ќе дозволиме државата повторно да се меша во стопанството и стварајки преку тоа секундарното право на бирократијата во дваењето на дозволи, во уредното постапување и повторно отежнување во спроведувањето на самиот закон , или пак ќе се определиме за англосансонскиот модел на управата каде што управата само ќе биде сервис на граѓаните во остварувањето на нивните права, но тоа ќе биде основ за една дискусија во која ние сеуште докрај не ги дорасправавме односите.

Основна функција на законскиот проект да биде практичен, во него се употребуваат и многу стручни правни изрази што мислам дека не треба да стојат, како што станува збор за субјективната правна способност, за конститутивниот наслов на извршното решение, за извршна исправа и т.н. Ние кога ќе го дискутираме законот, може правно да го образлагаме секогаш, а кога ќе пишуваме закони треба да ги направиме флексибилни и јасни закони, да не упатуваат на други членови правна конфузија, да се повикуваат на други законски проекти.

VI/15.-

Едноставно законот да стане јасно применлив за граѓаните кои ќе учествуваат во правниот промет.

Тоа воглавно беа основните забелешки и основната инстенција е еден позитивен поим за Владата, што навистина имала осет да осети каде се основните слабости во спроведувањето на правниот промет во стоковното стопанство и тие слабости да ги острани.

Со сите забелешки, му предлагам на Собранието да го прифа- ти законскиот проект и после јавната расправа повторно да се срет- неме со комплетните забелешки да го донесе тој законски проект.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

сакам да предложам овој законски проект да оди во една фаза од причина што содржината на законот е таква што во моментот течат многу кредитни линии во земјата, во однос на кредитирањето на индивидуалното земјоделие, стопанските организации и целокупното живеење во државата, а по одделни гранки не се во состојба овие кредити да ги користат баш од причина што материјата што ја регулира овој закон е хипотеката.

**РИСТО ТРАЈКОВ**:(Продолжение)

Овде се дава можност, поширока можност во хипотека да се ставаат и подвижни ствари. овој закон е добра причина и добра можност земјоделците и сите други структури да можат да ги користат кредитните линии кои што се добиени по разни основи. Конкретно земјоделците најмал дел од кредитните линии ги имаат искористено токму од таа причина што не можат да стават под хипотека подвижни ствари, туку беа условувани само со станбените објекти или ако имаат деловни простории. Добра причина е ова овој закон да се применува и моја препорака е, бидејќи се консултирав со колеги правници и ми рекоа дека не може сега да се интервенира и законот да се носи по скратена постапка, туку и да и препорачаме на Владата во што пократок рок, односно за 20-30 дена да биде понуден конечниот текст за олеснување на постапката околу добивањето на кредитите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за залог на подвижни ствари и права.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има превид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на оваа седница на Собранието да с достави до Владата на РМ и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање.

Молам, колку пратеници имаме?

(стручните служби ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Меѓувреме неколкумина пратеници влегоа во салата).

Бидејќи сега имаме кворум, јас молам предложениот заклучок уште еднаш да го ставам на гласање.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 21-Предлог на Декларација против тероризмот во Република Македонија.

Предлогот на Декларацијата Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

VII/3. -

**ВЈТАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дин претседател, господин министер, почитувани дами и господа пратеници.

Пратеничката група на Либерално демократската партија достави Предлог на декларација против тероризмот во Република Македонија, а го темели односно врз основа на член 68 став 2 од Уставот на република Македонија и член 32 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Користам прилика на овој Предлог на декларација да го образложам.

Пратеничката група на ЛДП смета дека на бомбашките напади во Гостивар, Тетово, Куманово и Прилеп не може да се гледа како на случајни експлозии, бидејќи тие преставуваат акти на класичен тероризам со одредена политичка заднина и цели кои се вистинска закана за безбедноста и стабилноста на Република Македонија, мирот во неа и општа сигурност на граѓаните. Затоа пратеничката група на ЛДП смета дека нивната тежина особено изборот на институциите против кои се насочени и зачестеноста бара Собранието на Република Македонија да се ангажираат на свој начин во одбрана на државните институции и на мирот и на безбедноста на граѓаните. Поради тоа пратеничката група на ЛДП предлага Собранието на Република Македонија да донесе декларација со која недвосмислено ќе се види степенот на единство и политичката решеност во државата за борба бес компромиси против тероризмот, кој очигледно чука на вратата. Со тоа Собранието многу ќе им помогне на органите на извршната власт и на надлежните државни органи за зголемување на ефикасноста во нивната работа што ќе дојде до јакнење на безбедноста и стабилноста на земјата. На тој начин

ќе јакне принципот на владеење на правото во нашата држава што е квалитетен фактор за нејзината презентација како современа демократска земја.

Во тој поглед многу е важно да се афирмира смиреноста, само-довербата и довербата во државните институции што ја имаат граѓаните Исто така во декларацијата потребно е да се означат и органите на Република Македонија кои според Уставот и законите имаат надлежности и должни се да преземат мерки за зголемување на ефикасноста на надлеж-ите државни органи и институции во откривањето и сузбивањето на тероризмот во земјата.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија смета дека со оваа декларација ќе се мобилизираат сите институции и поли-тички институции кон создавање на крајна сигурност за граѓаните и крајна стабилност на нашата држава.

Воедно сакам да Ве известам дека амандманот кој го поднесе координаторот на пратеничката група на СДСМ г-динот Љупчо Поповски, пратеничката група го прифаќа и го сметаме како составен дел на оваа декларација.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, оценувам дека декларацијата против тероризмот , како што е насловена од пратенич-ката група на ЛДП е навремена, е актуелна и мислам дека е сосема вредна да биде предмет на расправа и особено предмет на усвојување на Собранието на Република Македонија од следниве причини.

Прво, со оглед на актуелноста на состојбите мислам дека е добро законодавниот дом и едновремено највисок дом на власта во

Република Македонија го сврти и своето внимание и вниманието на јавноста, меѓутоа, и вниманието на другите државни органи во република Македонија задолжени за дејствија против тероризмот на се позачестената состојба со ескалација на тероризам во Република Македонија и од тие позиции да ги мотивира за понатамошни активности.

Второ, мислам дека со оглед на состојбата со истрагите кои се водат по разни терористички активности, особено со степенот на нивното разоткривање почнувајќи од најлошиот настан кој што се случи во октомври 1995 година, па се до пред еден месец некои настани во Прилеп, Гостивар, Тетово, Куманово може да се извлечат заклучоци дека сем на границата на политички мотивиран тероризам во Република Македонија и затоа е потребна и ваква декларација која во најдоблесна смисла на зборот ја оценувам како исправна политичка декларација и мислам исто така дека со оглед на политичката конотација на тероризмот во Република Македонија покрај другите видови кои сепак ги добива потребен е единствен пристап односно политичките субјекти претставени во Парламентот да донесат едногласно декларација против тероризмот и со тоа едногласно да се изјаснат против натамошна ескаалција на тероризмот и особено на тероризмот со политичка мотивација.

Од тие причини наполно ја поддржувам декларацијата како што е поднесена и ќе го дадам својот глас во корист на декларацијата. Можам и во име на пратеничакта група на СДСМ да соопштам дека ја поддржуваме декларацијата против тероризмот и однапред се заблагодаруваме на г-динот Станковски во името на предлагачот што го прифати нашиот амандман.

VII/6 • -

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и јас излегов во има на пратеничакта група, бидејќи моментално не е тука координаторот да ја поддржам иницијативата на ЛДП за донесување на декларација против тероризмот затоа што ние како партија и како политичка опција секогаш сме се бореле против таквиот начин на решавање на проблемите, затоа што секогаш како партија сме биле за решавање по пат на институциите на системот и се она што е легално во една држава па секогаш сме биле и ќе бидеме против секакви акции кои водат кон тероризам и загрозување на невините животи во една држава и во едно општество.

Во мое име и во име на пратеничакта група кажувам дека јавно ќе гласаме за оваа декларација и ќе ја поддржиме иницијативата на Либерално демократската партија.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Дозволете и во име на пратеничакта група на Социјалистичката партија да кажам дека и ние го осудуваме тероризмот како појава и едноставно ја поддржуваме оваа декларација и ќе гласаме за истата.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван господине претседателе, можеби нема да кажам нешто ново ако речам дека ова е една од ретките теми за која верувам дека нема никој од нас против. Тоа е тема за која сигурно имаме апсолутен консензус и мислам дека е во право време затоа што, како што беше истакнато, низа појави во Републиката укажуваат на тоа дека треба да се засили и свеста и акцијата во борба против дејствија кои се против законски и кои се против граѓаните и против луѓето.

Мислам дека и за нас албанците е посебна обврска во овој момент да поддржиме една таква иницијатива и една акција против секој вид тероризам затоа што со тоа покажуваме дека и овие налепници што сакаат да им се стават на албанците за тероризам дека тоа не се нивно дело. Или ако се од нивните редови тоа се многу ретки и исклучителни појави.

Од таа гледна точка мислам дека е за поздравување оваа иницијатива и верувам дека и сите албански субјекти во Републиката ќе се залагаат за остварување на целите на оваа декларација. Во тоа име и самиот се изјаснувам за овој предлог.

**ФАИК АБДИ:**

Господине п ретседателе, господа пратеници, господине министер,

сигурно нема овде човек, ниту во Република Македонија нема граѓанин кој што би одобрил тероризам во државата. Тероризам кој што е насочен против недолжните граѓани, животите на децата, на жените на старите, на младите и т.н. Од која страна доаѓа тоа? Мислам дека не е ова формално што Либералната партија го постави овде ако декларација. Мислам дека тоа е задача и на парламентот и на сите институции на системот што се може побрзо да се дојде до соодветно решение да се најдат сторителите заради тоа што во оваа држава имаме правни инструменти, имаме Устав, имаме начин само по демократски дијалог со флексибилност, по пат на толеранција да се разбереме за сите прашања. Мислам и тврдам дека нема прашање за кое што оваа држава нема одговор и нема прашање за кое што не може да се договориме. Ако седнеме да разговараме ние сигурно ќе се договориме и

да им укажеме на нашите комшии на нашите пријатели, на припадниците на партиите кои што не се на власт, кои што не се во Собранието , во парламентарните партии, на било кого заради тоа што сите ние сме граѓани на Република Македонија да се чуваме' од било кого што влегува од било која страна на оваа држава, во оваа државичка да го наруши мирот и редот на граѓаните, мирниот сон на граѓаните.

Ние во партијата за Целосна еманципација на ромите во Македонијаи овде во Скопје и во поедини градови се консултиравме и стоиме цврсто како бедем на страната на правдината, на страната на оваа декларација и уверени сме дека институциите на системот ќе дојдат до соодветно решение и овде работи лека полека ќе нестанат, заради тоа што тие носат и материјални и човечки жртви.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Евидентно е дека еден акт кој што ќе го донесеме вечерва е во право време. Внимателно конципиран и добро е што сите ќе дадеме целосна поддршка. меѓутоа оваа декларација ќе ја промаши својата цел ако ние дадеме само вербална поддршка и се задоволиме со тоа дека ние како парламент даваме поддршка, а понатаму работите нека си одат како што одат.

Имено, сакам да укажам дека на повеќе пати од оваа говорница актуализирани се одредени состојби, сигнализирано е дека некои работи се одвиваат пред нас тука, не сакаме да ги погледаме, не сакаме да ги видиме мислејќи дека ние сме некој изолиран простор и дека ние вечно ќе живееме во една таква заблуда.

VII/9.-

Цената колку покасно таа заблуда ќе се открие е поголема. Тоа е кажано секогаш. Еве ние се наоѓаме во една таква состојба да практично мораме да проговориме најотворено, да проговориме за она што често пати тука не сакаме да прифатиме дури разговор, не сакаме да прифатиме информации што ги баравме во еден континуитет некои пратеници тука, особено во последните две ипол години, после атентатот на претседателот и се она што ни се случуваше особено на границите со соседни земји и она што ние го викаме наше секојдневие. Дефиницијата дека тероризмот е организиран политички криминал значи дека постои и друг организиран криминал така да никогаш не се знае кога тие два субјекта, кога тие две катети ќе се состават и ќе оформат нешто потешко и нешто пострашно. Јас мислам дека со донесувањето на оваа декларација, со поддршката ние треба да иницираме институциите на системот извршната власт и тие други компетентни фактори во државата да преземат и конкретни мерки за она што значи борба против тероризмот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Во таа насока ќе дадам и конкретен придонес затоа што повеќе пати на ова прашање сум посветувал соодветно внимание и во моите настапи тука и во комуникациите со јавноста преку медиумите и воопшто преку делувањето на Демократската партија на Македонија. Тоа е дека кај нас ќе мора да се гради една свест и совест дека не може само полицијата или одредени институции во државата да водат борба против тероризмот.

Ние немаме сеуште изградено навика да се заинтересираме кога во нашето соседство, во непосредно соседство, во маалото, во градот ќе сретнеме некоја непозната личност. Нас воопшто не не загрижува такво нешто. Не не загрижува ако некој, имаме информации дека шверцува оружје дека од тоа убаво живее, дека се бави со такви незаконски, нелегални дејствија. Ние немаме свест да размислуваме дека тоа оружје утре ќе биде употребено, се знае прво против кого, против тие што живееме точно во тоа непосредно соседство.

Ние немаме изградена свест да размислуваме во насока што е тоа, што значи во државата да ни влегуваат луѓе од страна и под форма на туристи без обезбедено и легализирано сместување остануваат во држа-вава со месеци, за да потоа сите тие се однесуваат дури потценувачки кон државата кога ќе бидат отстранети од државата за да кажат дека ако е отстранет еден автобус утре ќе ни се вратат три или четири автобуси. Таквиот ментален склоп, дами и господа, треба да го менуваме, затоа што брзо ќе мора да се вратиме не на декларација, туку на многу посериозни работи.

Во таа насока мислам дека државата мора конкретно да преземе чекори за операционализација на оваа декларација и во прв момент тоа би било следно:

- ригорозна контрола на границата, подеднакво со сите соседи, чување. нивна безбедност и обезбедување,

- сите илегални престојувања во државата да бидат санкционирани со протерување, без за тоа да водиме сметка за колкав и каков број и од каде, се работи за тие луѓе кои што нелегално престојуваат,

- државата, што треба да се случи во оваа држава, колку утре треба групи што шверцуваат оружје и тоа веќе офанзивно оружје, автомат- ски пушки, експлозивни материјали, димни бомби, па дури и рачни фрлачи, ги има, уште колку групи треба да се фатат за трговија со овие опасни направи за да државата го направи она што го прави секоја современа и демократска држава - општ јавен повик и предавање на сето оружје за кое што не се поседува соодветна дозвола, на пример во рок од 30 или 40 денови.

Тоа се мерки што мора да следат после оваа Декларација. Оваа декларација соодветно на нашата позиција и на овој законодавен дом претставува една прекрасна основа, прекрасна подлога за да, како што рече некој, знаат дека извршната власт има полна поддршка од сите политички субјекти во државата и се разбира, вклучувајќи го и овој дом и се разбира, мојот личен придонес како еден пратеник и, што е уште поважно, во името на Демократската партија на Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека нема човек на светот кој не го осудува тероризмот, било каде да е. И ние, како пратеничка група, нашата пратеничка група

осудува секој вид на тероризам. Меѓутоа, по однос на декларацијата како таа е формулирана, ние имаме неколку забелешки.

Наш впечаток е дека Декларацијата е поднесена навистина на декларативен начин и не е илустрирана со примери. Се сеќавам, пред ова Собрание пред извесно време еден пратеник стана овде и рече дека бомбашките напади во Тетово дека се меѓусебни недоразбирања, пресметки. А, ние сега донесуваме декларации, а не го спомнуваме тоа.

По наше мислење, значи по однос на овој случај ние ги знаеме и имињата и презимињата на тие луѓе и зошто декларацијата не се адресира: По наше мислење декларацијата треба да се адресира, да се илустрира и ќе беше многу порационално претходно да имавме една информација од Министерството за внатрешни работи за мерките што ги презело и до каде стигнало Министерството за внатрешни работи по однос на овие прашања. На тој начин ќе имавме можност поопширно да дебатираме. Не само вака набрзина да гласаме, а да не расправаме по однос на ова прашање што е многу битно за животот и егзистенцијата на оваа држава.

Друго, декларацијата значи не е потполна по наше мислење. Ако ние, било и како пратеници, ако знаеме за конкретни случаи, да ги осветлиме, да не излегуваме од овој парламентарен дом со дилеми. Вака, ако само гласаме за декларацијата, во нашите глави пак ќе останат некои дилеми.

Јас барам во овој случај да се расветли случајот во Тетово. Само, овде се спомна дека тоа беше меѓусебна пресметка. И понатаму не знаеме, немаме информација од МВР.

Друго, имаме и друг вид тероризам кој може да се нарече државен терор. Имаме случаи, да не ги спомнувам со име и презиме, се зема човекот навечер, оди таму на разговор, утредента дојди, тој се обесил. Како така?! И, без информирање, се обесил човекот, како се обесил човекот? Имаме други, убиени од органите. Имаме случај во Тетово, последниот

случај во Гостивар, таму се убиени луѓе. Како се убиени под кои околности? Дали тие се спротивставиле на органите на власта на полицијата или пак бегајќи се убиваат со куршум. Овде, ние како тероризмот, рековме дека го осудуваме и ќе го осудуваме, секаде, меѓутоа, овде мислам декларацијата треба да се адресира а не ваква декларација поради декларација.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор.

Има збор господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Од името на Партијата господинот Лазаров кажа дека ние, како партија комплетно се согласуваме со Декларацијата и немаме ништо против.

Меѓутоа, јас, како пратеник, сакам нешто да изнесам. Како Декларација ја прифаќам, што е и нормално, секој позитивен граѓанин со одредени вредносни особини на граѓанин, човек, ја осудува оваа појава и тоа е најнормално. Не верувам дека некој не е против еден тероризам.

Меѓутоа, малку ме загрижува една наша постапка по однос на носењето на самата декларација.

Мислам дека таа е опомена до сите нас пратениците, до сите политички партии, да не поспешуваме на некој начин, преку своите изјави,настапи и тн. преку своето членство да шириме некоја манифестација на тероризам, бидејќи тероризмот јас го гледам малку пошироко како појава, со повеќе манифестации. Не само со бомби. Имаме многу друг вид на тероризам, така што тоа е еден широк поим. Ќе западнеме во замка ако правиме сега декларација, она што се случи во Тетово,

она што се случи во Гостивар, што се случи во Куманово и тн.

Тероризмот треба да го гледаме малку пошироко. И, ако така го погледнеме, тогаш можеме и посериозно да продискутираме што со појавата тероризам, дали е тоа масовна појава, дали индивидуална. ВО тој склоп да правиме напори да обезбедуваме дали ќе обезбедуваме генерална превенција или ќе обезбедуваме индивидуална превенција.

Меѓутоа, лично за мене ако вака поаѓаме со инцидентни појави, дали се работи за тероризам или за некоја друга појава, па нека биде и патолошка појава, и ако носиме така декларации посебно за секоја појава, се плашам дека Собранието ќе дојде во позиција секоја седница да носи по една декларација, а немаме сериозен фундамент врз основа на што ја фундираме самата декларација. Така што, во тој дел мислам дека во декларацијата има одредена содржина, покажува состојби во Република Македонија.

Лично се носам со идејата сепак да имаме еден заклучок што би произлегол, да го задолжиме Министерството за внатрешни работи да ни ја прикаже правата состојба на тероризмот во Република Македонија од надворешен или внатрешен аспект, со единствена цел да можеме понатаму да донесуваме некои заклучоци што би биле уште поквалитетни.

Инаку, се залагам за тоа, не се залагам, туку ние се заложивме ако се сеќавате кога го прифатиме кривичниот закон. Во законот тоа е инкриминирано дејствие. Ако е тоа инкриминирано дејствие, таму е веќе во форма на кривично дело. Тоа кривично дело практично има одредена норма што е казнива. Во тој дел така, нели.

Ако гледаме од аспект на законската регулатива, ова веќе сме го регулирале. Дури, со кривичната постапка ја утврдивме и постапката. И во тој дел мислам дека би било добро ова, јас ја прифаќам Деклараци-

јата комплетно, со една напомена, ако може да се заклучи од Парламентот да го задолжиме Министерството за внатрешни работи да изготви една ана- лиза која анализа понатаму ќе ни даде општи состојби, дали се работи за внатрешен или за надворешен тероризам.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, барањето на господин Арсовски за изготвување на оваква информација ќе го доставиме до Владата.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Пратеничката група на Либерално-демократската партија ја испрати, ја пушти во постапка оваа декларација оценувајќи дека земјата се соочува со заканувачка форма на тероризам и дека Собранието треба да ги вложи сите напори, заземајќи овде став низ усвојувањето на оваа декларација да искаже колку е потребно во земјата да се собере позитивна енергија да се застане на патот на таквиот можен развој. Мислиме дека, ако тоа го сториме, ќе им се одолжиме на граѓаните што не избрале.

Јас сакам да кажам дека ги разбирам сите овие сугестии и приговори на текстот на декларацијата изнесени од неколку тука двајца некои колеги и сакам исто така да кажам дека тие опјави за кои тие зборуваат можат да бидат предмет на друг документ, на други документи и треба да бидат обработени од надлежните органи и да дојдат во Собранието.

Собранието треба да ја усвои оваа декларација. Јас, слушајќи го внимателно излагањето на пратениците овде, сепак мислам дека без оглед и покрај тоа, добро е што имаше некои пошироки размислувања, сепак овде е изразена една целосна решеност на целиот состав на Собранието од сите пратеници на сите пратенички групи, претставниците на сите пратенички групи оваа декларација да се усвои и Собранието јасно да демонстрира волја против тероризмот. И, да ги охрабри сите надлежни државни органи да ја направат својата работа поефикасна, поплодотворна во запирањето на ова општо зло што не смее да фати корен овде, во нашата држава. И, не смее да има било каква опасност од организиран тероризам во подолг период овде. Затоа јас на сите претставници на пратеничките групи во име на Пратеничката група на ЛДП за подготвеноста да гласа на овој текст на декларацијата, навистина им благодарам искрено им благо- дарам на сите.

Исто така,мислам дека нашиот повик овде што го упатуваме од сите пратеници, од сите пратенички групи до сите политички чинители во земјата кои, поради разни околности не се присутни во Парламентот пред се политичките партии што не се присутни во Парламентот и тие да најдат начин како ќе ја изразат својата поддршка на оваа декларација на овој документ кој што, откако ќе гласаме ќе биде документ на Парламентот не на една или друга пратеничка група.

Затоа, уште еднаш го изразуван нашето задоволство и почит кон сите оние кои овде изјавија дека ќе ја поддржат оваа декларација и, воедно Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Шаќири.

VIII/8.-

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Човекот да каже нешто во врска со тероризмот, мислам дека тука не треба да постојат дилеми кај сите граѓани на РМ, но и во светот, кај секој човек, бидејќи се работи за едно нечовечко наследство. Мислам дека денешниов цивилизиран свет не го дозволува тоа.

Меѓутоа, предлагачот, Пратеничката група на Ј1ДП некако, јас по моја оценка, забрзал со една ваква квалификација, бидејќи за една ваква квалификација се надлежни стручни органи на оваа држава, а не пратеничките групи. Пред се, требаше да претходни една информација од страна на Министерството за внатрешни работи кој е најодговорен каде што има вработени луѓе,експерти по оваа дејност и со една подетална аргументација точно да констатираме дека бомбашките напади во Прилеп, Куманово, Тетово и Гостивар дека биле вперени против човештвото или имале некој вид на економски карактер, бидејќи тероризмот не е насочен само против човекот туку и за некои други скандали.

Може да има тероризам од економски аспект, тероризам од политички аспект и исто така во тероризам спаѓаат и сите наркомани и шверцери на дрога, бидејќи и тука е во прашање животот на човекот. Меѓутоа, во овој момент, јас мислам дека без да имаме некоја информација и до крај ние да заклучиме дека навистина во оваа Република се работи за некој вид тероризам.

Со овој акт создаваме паника кај граѓаните на РМ дека навистина тука постои некој вид на делување, на тероризам да кажам. А, ние знаеме дека овие бомбашки напади, дури и ден денеска, јас како пратеник немам никаков материјал само што слушнавме некои изјави на МВР дека се работи за некои напади. Господинот Рами Туда во врска со случајот во Тетово веќе кажа дека се работи за некои меѓусебни пресметки на граѓани од Тетово. Не го знаеме случајот во Куманово, не го знаеме случајот во Прилеп, не го знаеме случајот во Гостивар.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Сега ако ние се декларираме, всушност треба да се декларираме, дека сме против тероризмот, значи дека ние досега не сме биле против тероризмот. Ние со други акти, добро и г-динто Бранко Арсовски постојат други закони кои го регулираат ова прашање.

Прво, би требало да се констатира точно дали се работи за некој вид на тероризам во РМ или ние сега да не кажам толку грубо со некои, но не можам да најдам друг збор, со паушални оценки да излеземе и да кажеме дека во Република Македонија постои некој вид тероризам. Тука ние не треба да правиме некои проблеми без потреба. Доколку надлежните органи констатираат дека во РМ постои дејствија од вид на тероризам, тогаш Парламентот би бил облигативен да расправа за вакви работи и како законодавен дом да им дава поддршка на сите органи на државата. А вака, без да имаме едно вакво сознание од надлежните органи ние само да кажеме дека се работи за тероризам, мислам дека правиме една крупна грешка. Уште еднаш повторувам, кај граѓаните отвораме една паника, создаваме без потреба на паника. Дури во овој случај ги доведуваме органите на државата во една незавидна положба, кои се надлежни и платени од оваа држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Амди Бајрам има збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници колеги, пратеници, денеска овде за тероризмот се дискутира и тоа ни е дневен ред, па јас би сакал нешто да напомнам за да се потсетите добро дека како пратеник кога дојдов првпат во овој Парламент после два месеца поставив едно пратеничко прашање, дали постојат мафии во Македонија, дали постојат некои тероризми. Јас добив одговор во завиена форма од министерот за

завиена форма од министерот за внатрешни работи. Сетете се добро вие што јас говорев овде на оваа говорница дека ќе дојде време мафија ќе поставува претседател на држава, мафија ќе поставува премиер на држава, власта ќе ја преземе мафијата во Македонија. Тоа, затоа што го имаше во Бугарија и ви кажав дека за кратко време во Македонија ќе се пренесе тоа. Оттогаш не поминаа ни полни две години, дојдовте на моето пратеничко прашаше, кое јас ви го поставив тука и за кое требаше да добијам одговор од министерот. И досега овде има разни убиства во Македонија, се што се случува, разно мини- ран>е, разно бомбардирање, како што велат, дојдовте на Бајрам Амди што го постави пратеничкото прашање, а сеуште е рано па ќе видите до крајот на изборите и пред изборите што ќе се случи овде. Затоа што, мафија постои, знаете каде, затоа што во партиите постојат мафии. Тоа треба да биде јасно и гласно на сите пратеници и на сите граѓани кои ја следат оваа програма и сите нас кои не следат сега овде во Парламентот. Мафијата е кај нас во државата, во партиите. Јасно и гласно се формираат овде разни мафии во Македонија. Кои се, што се мислам дека треба многу добро Министерството за внатрешни работи, ако нема некој срце овде да стане на говорница да каже и ако некој се плаши, не треба да се плаши и не треба во овој закон и некој министер да биде тука. Многу работи се случија во Македонија и се во завиена форма. Мислам дека е веќе време да се отворат•картите и да се каже што постои овде во Македонија. Од каде е, што е, кој е и како е. Мислам дека овде не треба да се игра во завиена форма, затоа што ќе дојдат извори, ова што го кажувам пак ќе зборуваме, многу нешто поголемо ќе се случи овде во Македонија. Видовте дека на претседателот на државата му се изврши атентат. Немојте да мислите дека тој атентат и ние сите што ќутиме овде не знаеме дека атентатот врз претседателот на државата никој не го отвора овде. Тоа е политички атентат.

Најотворено треба овде да се каже што е и како е и не треба да го криеме тоа. Овде се извршуваат и разни други атентати, убиства секој ден и никој ништо не презема, тој за тој. Сметам дека тоа не е вред. Дајте овој Парламент да преземе нешто да не се шири ова во Македонија, затоа што сакаме во Европа, сакаме, отворени врати кон светот, акај нас се решаваат разни работи. Ве молам дајте овде да предложиме нешто вакви работи во државата, без разлика од каде се, дали од Ромите, од Турците или од Албанците, дали од православните јас не ставам на ранг-листа никого, туку сакам само да кажам да преземеме нешто ова во Македонија да не се шири. Да предложиме некој закон за вакви работи да ги осудиме во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас сакам да се вклучам во дискусијата однапред да кажам дека на некој начин се оградувам до дискусиите на некои мои колеги пратеници, затоа што навистина беа изнесени такви паушални оценки во врска со темата за која денеска разговараме. Не сакам да ги повторувам, но навистина ова не е в ред и никако не можам да се согласам дека во Македонија има тоа или она, но тоа е тотално паушално искажано. Ми- слам дека декларацијата си е сосема во ред така како што е предложена од Пратеничката група на ЛДП со амандманот даден од страна на Љубомир Поповски односно СДС и сметам дека не е упатно сега да разговараме дали има или нема тероризам, дали овие терористички акции, конкретно во Куманово, Прилеп, Тетово и Гостивар сега треба да чекаме информација мислам тоа е тоа. Тоа е тероризам повеќе од сигурно,

пукаат бомби, се обидуваат да се направат атентати над нашите раководители и како тоа да го крстиме? Нешто како некој да се шали. Тоа е тероризам и нема дилеми. Сигурно, мислам дека воопшто можеби не би било лошо ако врз основа на работите кои ги работи МВР да излезе еден ден со информација во врска со тоа кои се причините, зошто биле тие терористички напади кои што се случија во овие градови.

Уште еднаш сакам да ви кажам дека навистина не е во ред во овој висок дом за така сериозни прашања да даваме некои паушални оцени или да даваме некои претпоставки, ќе видите дека за толку и толку месеци што ќе се случува во Македонија. Навистина, дискусиите треба да ги водиме на едно пратеничко ниво и не би било в ред да зборуваме тоа што ќе ни падне напамет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Сами Ибраими има збор.

Се извинувам г-дине Ибраими, реплика за г-дин Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Мислам дека ги кажав најреалните работи дека повеќе не треба да работиме во завиена форма. Без разлика, реплики си се реплики, Јас сум поставил пратеничко прашање пред две години за оваа ситуација во која е сега Македонија и најнормално ништо не излегува на мегдан нема ништо на видело. Затоа, сакам да биде тоа образложено што се случува во Македонија, дали ќе продолжиме вака да живееме под некоја тензија сите, дали утре некој да се плаши да се кандидира за претседател на државата или за нешто друго, да се расчистат овие работи и во овој закон да донесеме некои работи и да го решиме овој проблем. Зашто, ова се шири од ден на ден се повеќе и повеќе. Тоа ми беше целта.

IX/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ве молам, се разликуваме сите и затоа има толку политички партии по убедување и по погледи.

Реплика г-дин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Јас пак ќе го потсетам колегата дека е ова паушална работа и ако треба да расправаме треба да кажеме конкретно. Каде има мафија, во кои партии има мафии и дали има или нема мафии. Мислам дека ова е паушална констатација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас поединечно не кажав за ниедна партија и за ниедна националност, а само кажав дека во државата постои мафија и треба да го преземеме тоа и да го расчистиме. Јасно и гласно поединечно не кажав за било која партија, секаде во државата постои тоа и треба да го расчистиме. Во државава работите не се чисти. Гледате дека има разни убиства до претседателот на државата на кој му се изврши атентат Нормално, ова треба да излезе на видело. Зошто ги криеме сите работи. Нема зошто да криеме тука веќе ништо. Отворено тоа треба да го решава- ме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, целосно ја поддржувам дискусијата на г-динот Рами Туда кога рече дека треба да се именува тероризмот. Самиот збор тероризам не тера да мислиме на

нешто опасно, грозно, нехумано, бидејќи е вперен токму против човекот. За жал, во последно време тероризмот е присутен околу нас, кај нас, па и секаде не само ноќе, на улица, туку непредвидено и дење и стан, станбена зграда, во некое ќоше низ населбите во Скопје итн Граѓанинот на Македонија живее во опасност да' му се случи нешто не- предвидено, па затоа декларацијата е добар и хуман гест или чекор од страна на ЈДП. Значи, не се работи само за Гостивар, Тетово, Прилеп, Куманово, Бит Пазар, Речица итн., но се работи за нешто уште поопасно значи, се работи за индивидуа или за организирани групи. Но, тука морам да изнесам едно прашање од мојот електорат од една средба што ја има во неделата. Тие ќе ги парафразирам вака ме прашаа, државата може да го совлада криминалот на поединец или на некоја група, но кој може да го контролира државниот тероризам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Не излегов да критикувам никого, ама баш никого, ничија изјава, ничиј став воопшто, излегов само да кажам два,три збора што се однесува на оваа толку мала Република Македонија како една мува. Во споредба со некоја голема држава, како што е Кина, Индија или како што е Русија. Ако ние овде сга не го разбравме поимот охрабрување на институциите на системот, охрабрување на МВР и другите министерства, ако не го разбравме тоа, ние ништо не сме разбрале. Простете, но така е. Мислам дека во Парламентот добро е што ја поттикнавме оваа работа, да ги охрабриме, а тоа охрабруваше значи обврска на МВР да направи нешто. Сигурно тоа не спие, работи. Не смее да крие ништо и сигурно за одреден временски период ќе дојдат овде тие материјали, на дневен ред ќе бидат овде, ако веќе не се работи, а јас мислам дека се работи. Сигурно тука ќе расправаме. Ние не сме истражен орган, па овде

да ни се кажат имиња и презимиња. Дали постои ова, дали постои она или постојат што ја знам некои да не повториме некои лоши работи. Ако некој знае дека постои, па кажете ги. Таму не се кажува вака. Затоа, да оставиме на институциите на системот, со ова ги охрабруваме, а тоа значи дека им даваме задача што поскоро, штом побргу тоа подобро овде да ни дојде материјал, па малку со поотворени очи и со поголема сигурност да се обраќаме и на граѓаните и на политичките партии,на пратениците, на Советите, на локалната самоуправа, на градоначалниците, на советниците таму во локалната самоуправа заради постојување на оваа држава односно запазување на нејзината сувереност и севкупноста на територијалниот интегритет и на секој поединец индивидуалитет. Ако така појдеме тогаш ќе им дадеме охрабрување, како што кажа г-динот Андов, а тоа значи и задача на власта, извршната власт. Сега да не рчкаме нешто друго, нешто во што ние не треба да навлегуваме. Јас мислам дека едно- гласно ова треба да го прифатиме без нешто да имаме во потсвеста, ние треба да имаме име и презиме па после да дигаме рака. Тогаш навистина не би биле својски настроени спрема Република Македонија, спрема сите граѓани на РМ ако тоа го бараме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Се кажаа тука доста занимливи работи, една од нив е дека на пример,треба ние да разгледуваме некои документи врз основа на некои постапки. Мислам дека тоа е работа, прво, на полицијата да утврди кој го прекршил законот, потоа работа на судот да процени во која смисла е прекршен тој закон според нашите законски регулативи кои се засноваат врз Уставот и дека ние како Парламент не би требало да се занимаваме

со такви работи. Затоа што тоа е надлежност на органи на присила, на судски органи итн., а ние треба, како што убаво се вели во Декларацијата, да се изјасниме по едно начело. На- челото е тероризам, до душа декларацијата не го дефинира тој концепт тероризам, бидејќи е дефиниран на други места. Меѓутоа, добро е сепак да се потсетиме што заправо значи тој тероризам, кој почна да станува практика во политиката уште од XVIII век и тој беше вграден како институт кај определени политички системи. Ние не треба да се плашиме од квалификацијата државен тероризам, затоа што тој беше вклучен како позитивна мерка во определени политички системи. Колку за илустрација ќе потсетам на една важна филозофска расправа од еден познат филозоф на XX век, која се вика Побунетиот човек публикувана во 1952 година. Тоа е книга филозофска расправа која направи еден голем расцеп во светските таканаречени во тоа време напредни движења и дури беше глобално осудуван тој човек кој ја објави таа книга, а која се вика Побунетиот повеќе беше обвинуван за, така да се каже, дрзок и фронтален напад на тогашната напредна и народна демократија од еден друг славен и многу познат филозоф на XX век кој се вика Жан Пол Сартр. Неговата книга Побунетиот човек на Алберт Ками е заправо борба против државниот тероризам кој функционираше како еден вид легитимно институционално средство на определени, повторувам, политички системи и тука нема што посебно да се расправа.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:** (продолжение)

А што се однесува до овој тероризам на кој инсистира декларацијата која треба да ја гласаме и која се разбора ќе гласам и ја поддржувам треба да се има на ум само следното. Тероризмот почнува во оној момент кога она што е пожелно за мене како единка јас ќе тг валоризирам како пожелно за сите. И штом јас ќе го валоризирам моето пожелно за општо пожелно во тој случај сите средства за мене се дозволени и во тој случај мојата цел е возвишена и така доаѓаме до едно махијавелистичко начело кое се вика целта ги оправдува средствата. Ги оправдува средствата, но отпосле и само од моја гледна точка. Мислам дека таа декларација всушност се изјаснува против таков принцип на односи во едно конкретно време и во даден политички систем. Не може во ниеден момент моето пожелно или тоа јас го сметам за правда да го наложувам на сите затоа што на тој начин јас во тој момент ја укинувам односно ја уништувам самата идеја на правда. Ја укинувам правдата и правото на другиот и на тој начин за да ја остварам својата цел се служам со сите средства кои ми стојат на располагање. Тоа се средства на насилство, средства на убиство и тн-.

Еден од класичните примери на тероризам кој е запишан во стручната литература е убиството на кнезот Сергеј во 1905 година од една руска терористичка организација водена од Аненков и кога го фаќаат убиецот на војводата Сергеј и го прашуваат зошто го стори тоа тој одговори вака т.е. неговата филозофија беше оваа: Јас не убив човек, јас убив идеја. Која беше таа идеја? Идејата беше неправда кон руските народ. Јас сум носител на правдата и затоа јас имам право да го убијам кнезот Сергеј.

Меѓутоа, што се докажува се покажува дека токму тој кнез Сергеј бил еден од најхуманите луѓе во тоа време кој ги помагал сиромашните

луѓе со своето богатство кое му стоело на располагаше. Конечно тој човек сепак убил жив човек, а не убил идеја.

Во име на правдата т.е. својата правда ја валоризира како единствена правда а се валоризира себеси како носител на единствено право , на единствена вистина т.е. апсолутна вистина и во име на тоа пристапува кон победа на таа идеа односно со сите средства и тоа не е ништо освен тероризам.

Кратко речено нема што сега ние да ја работиме работата на полицијата, на судот туку да се сложиме дека еден таков принцип во начело кој заправо го бара декларацијата , бара да го браниме треба и мора да се брани. Јас ве замолувам сите тој принцип и тоа начело да го браните и да го изгласаме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Наџи Пруде.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Тероризмот, терор- терорист од латинскиот збор страв, ужас , гроза, убиство со задна намера, или пак глаголот терифико- терификаре произлегува од истата именка.

И кога се зборува за него се мисли најпрвин на злосторство од најкукавичен и нај нехуман начин , прво врз човечкиот физички и психички интегритет и уривање на доброто и богатствово што го создал истиот со труд и мака низ својата животна патека.

Тероризмот како појава е најслабата точка на човечката деструктивна психа, антихуман од сите негови аспекти и стадиуми. Тој е строго забранет со сите меѓународни права и конвенции, носи со себе невини човечки жртви и го става човештвото пред една голема дилема и проблем.

X/3

По овој контекст експлозивот поставен во Гостивар, Куманово, Прилеп и Тетово , ниеден од овие не се откриени до сега, освен во Тетово. Бомбата која експлодира близу до ѕидот на џамијата на ул. "Тодор Циповски Мерџан", сторителите не се открија до сега, повторувам, а би требало да се откријат, но тоа е работа на истражните органи.

Тероризмот како појава категорички е неприфатлива од страна на човекот со здрав разум, било да е државна војно полициска како што беше на Пиноче во 1973 година, против Салвадор Аљенде кој беше еден демократски претседател во Јужна Америка, Чиле. Во нашите со-средства Босна и Херцеговина, Хрватска кои ги уништија на стотици илјади невини животи, деца, жени , старци и немоќни луѓе, значи било да е групна терористичка појава или индивидуална како што има секојдневно на сите светски меридијани. Значи, тоа е дело на антиразумот, значи човекот односно нечовекот го прави тоа против својата врска. Во некои случаи и животните имаат жал за својата врста, во овој случај терористот да би постигнал она што го поставил како цел нема жал за својата врста иако во својата глава поседува она што е најбогато за човекот, тоа е разумот.

Тероризмот се прави тогаш кога се пречекоруваат сите граници на својата логика. Престанува да биде човек, ја презема улога- та на крволоче ѕвер, станува крволочно животно и се претвора во монструм. Поинаку не може да се замисли терориста односно човек да убива човека. Насилството или тероризмот било од кого и од која страна да дојде , било кој да го направи тоа , тоа се вина насилство тој се вика тероризам или било да се врши од страна на државната институција, од страна на било која полиција особено на своите сограѓани или пак да биде прехранувана или да наоѓа оправдувањ»е под било која покривка. Малтретирање дури и убивање на своите сограѓани уништување на нивните имоти и богатства стечени со нивниот труд.

А да се осуди тероризмот како појава тоа е должност на сите нас, но начинот треба да не биде тенденциозен. Да се измисли паника и панично да се однесуваме кон таа појава, зошто реков уште во насловот дека тероризмот не доликува на паметен и разумен човек туку на тој кој е вон неговиот домен. Како што рече еден од дискутантите паушалните оценки за тероризмот не треба да се даваат. Зошто? Ако одиме со такви оценки, паушални, правиме лоша услуга и за Републикава и за сите нас, а за подробностите на тероризмот има доста органи во Републикава кои ќе дадат свое мислење за градацијата на истиот.

Јас тероризмот како антихумана појава го осудувам и го осудуваат сите наши сограѓани и наши колеги овде.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Г-дин претседателе, г^да пратеници,

Излегов да кажам само два три збора во врска со оваа тема без оглед што гледам дека малку има расположение и некако површински се сака да се мине по оваа тема. Јас најпрвин им се заблагодарувам на г-дата од ЛДП што покренаа една таква иницијатива, а имало потреба и порано за да се покрене нешто вакво за да можат сите луѓе да знаат дека постои тероризмот во РМ не од овие последни години туку од порано.

Јас ќе се обидам накратко од хумана причина да кажам неколку збора без оглед дека малку се има разбирање и почитување кон одредени пратеници без оглед дека во конкретниот случај се работи за некои одредени суптилни теми кои навистина треба сите ние да ги

осудиме и гледам дека сите пратенички групи тука заеднички излегуваме со некои ставови дека тероризмот како таков треба да се осуди.

Во последно време сум имал прилика не само за случаите после многу актуелни на пример бомбашките напади Тетово, Гостивар, Прилеп, Куманово туку и порано, јас бидејќи сум граѓанин од Тетово знам дека такви случаи можда и почувствителни имало , Медицински центар Тетово имало со труењето одредена група деца албанци . Тој тероризам навистина оттогаш па до ден денеска не се откри без оглед дека беа експерти од Европа, доставија извештај , извештајот за некои од нас многу е јасен и дециден . тој го откри случајот, но никако ние работите да ги изнесеме на површина, да кажеме, и за нив да донесеме конкретни одлуки и да ги судиме.

Случај сме имале на еден друг вид тероризам . Последниве години 1991, 1992 и 1993 година, јавно и на видело беа доделени на одредени граѓани одредена муница со камиони, растоварани и давани на одредени граѓани кои ги зедоа, јавно беше публицирано, никој за тоа не одговараше и до ден денес не даде одговор. После тоа дојдоа други криминални работи што навистина не доликуваат ние така пворшински да ги поминеме, туку треба и како пратеници и како луѓе без оглед на кој дел припаѓаме на одредена партија или на одредена група, овој вид тероризам треба да се осуди и нормално ако тоа не се осуди барем од наша страна ништо не сме направиле.

Има уште нешто друго што навистина треба да не загрижува и треба ние децидно како пратеници да кажеме тука, пред Собранието, пред јавноста и пред сите граѓани во РМ.

Имаме конкретни случаи и поединечни убиства, многу ретко се денови во Скопје , порано имаше случаи еве во моето потесно семејство во Струга имаше убиен човек , констатирано е од одредени

специјалисти дека обдукцијата не е чинета од самиот тој што се прогласува како самоубиец туку од страна на тие луѓе што го држеле во тие одредени институции. Зборот ми е конкретно, дека нас не ни чинат работите и во судството, судството ги крие некои работи, а ние до ден денеска ги таиме работите, не ги објавуваме.

Има случаи освен во судство и во внатрешни работи одредени органи многу од тој аспект се дотука но не знаат како да ги оправдаат тие работи туку јавно беше одредено дека за одредени случаи се отфрлаат одредени работи дека оние или тие одредени политички божем партии ги направиле нив, а никако конкретно да ги кажат и да ги објават.

Токму заради тоа оваа иницијатива мислам дека сосема е добра и треба ние не само вербално тука да го поддржиме, но и како високо законодавен дом да донесеме одлука и одредените органи во практика да ги спроведат. Ако не постапиме така ние само на вербален начин ништо не можеме да направиме и како такво не може ништо да допринесе.

Не би сакал повеќе да се задржам, но сакам уште едно внимание на одредени пратеници што навистина сакале сосема површински оваа тема да заврши, јас сум за тоа до крај да се исцрпи ова како тема и да донесеме конкретни предлози и да се тргне кон конкретно решавање на одредени проблеми.

Благодарам.

**ИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се спомнува Тетово повеќе пати вечерва, без особени аргументи особено за најјасен случај на сите овие четири кои што беа во последно време. Познати се актерите со име и презиме. Се наоѓаат

во притвор, барем такви информации имаме, мотиви и се друго, нормално ќе следи без да однапред експлицитно оправдуваме нечии терористички акт. Никој вечерва тероризмот воопшто не го поврза по национална или партиска припадност. Меѓутоа, за бомбашките напади во Прилеп и Куманово побрзаа претставниците на некои политички партии да создадат некоја асоцијација дека такво нешто може да се очекува бидејќи се работи за тоа дека некои витални интереси на албанската националност во државата не се разрешени.

Втора работа, ја поддржувам дискусијата на колегата Зеќир Кадриу во оној дел каде што бара одговорност за наводните труења во Тетово. За ова нешто јас барам информација беше неколку месеци сеуште не ми е доставена до толку повеќе што званичните информации на компетентни здравствени организации се дека воопшто не се работи за никакви труења ниту во Тетово ниту претходно во Струга. Мислам дека точно декларацијата насочува на овие работи дека треба да се размислува при квалификувањето на одредени настани во државата.

Исто така ќе се повторам дека не може одредени настани за кои што досието е затворено од компетентни фактори и понатаму да стојат во фиоки на некого. Ние како пратеници треба да добиеме од- говори, да бидеме информирани за да јавноста биде целосно информирана бидејќи секоја дезинформација е многу поопасна и од делумична информација.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва пред нас се наоѓа Предлог декларација против тероризмот во РМ. Една латинска изрека ја знаете сите, вели

"Колку луѓе толку и мислења". Ние како пратеници можеме да имаме и различни видувања од разни аспекти во зависност од тоа во која пратеничка група односно партија сме.

XI/1. -ЈМ/1ЛЛ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

При оваа прилика во името на моите избирачи од изборна- та единица број 31 Кичево и пошироко во име на сите албанци во Кичево и не само на албанците и другите во цела Македонија сметам дека тероризмот како таков треба да се осудува и тука нема дилема без оглед на партиска и друга припадност. Тоа е и држењето на нашата Демократска партија на албанците, тоа е и ставот на нашата парламентарна група која веќе беше и претставена тука скоро сите мои пратеници. Јас не излегов како посебно само заради некоја фор- ма, да се вклучиме сите ние како група, јас сум веќе последен, меѓу- тоа имам да кажам нешто можеби нешто што не е речено и од мојот агол на видувања.

Прво треба да се потенцира дека тероризмот како еден од најголемите негативни појави, лоши работи и зли се осудува во сите меѓународни правни норми и конвенции, а тоа е санкционирано како што е и во нашиот Устав и во нашиот Кривичен законик, меѓутоа, за да се гласа за една декларација тоа не значи дека не може да има и некоја информација. По мое мислење треба да се расчистат некои работи. Тука се спомна и атентатот врз претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, меѓутоа и ден денеска нешто конкретно во тој поглед нема. Токму денес тука беше времето и местото нешто поконкретно да се каже, а за жал како што знаете кога беше расправата за таа појава, за тој атентат и после извештајот, од- носно уводниот збор што го даде тогашниот ваш претседател на Владата, за тоа не беше скоро ни збор, дури имаше и некои мислења, некои обиди да се спречи таков разговор од страна на пратениците кои беа присутни тука.

Даplречеме што се однесува до тероризмот и во историјата ви е позната онаа борбата на качаците албанци како и на комитите

македонци кои за време на Турската империја, односно во оваа бивша кралска Југославија се бореа за своја слобода. Тоа има национален карактер и тоа во историјата се и позитивно оценети. А знаете повеќе пати да беше дури и соработка меѓу качаците, албанци и комитите македонци. И тоа е еден добар допринос во нашата историја. Значи дека беа согласни кога се работеше за заедничкиот непријател. Меѓутоа, никој тоа не го спомна, а секој ден читаме во весниците и преку други мас Медии дека во Македонија се претпоставуваше, па дури некој ја зазема одговорноста дека некоја група која сама вака знае да се нарекува и ослободителна војска на Косово, дека ја презема одговорноста за некои атентати во Македонија, односно за Гостивар, за Куманово и Прилеп, додека се огради од Тетово, затоа што се знае дека тука веќе актерите на некој начин се познати, само за жал не знаеме до кој степен е дојдена со кривичните дејствија, со постапката па да се расчисти поконкретно. Меѓутоа, кога имаме пред нас, да не должам, иако тука може многу да се зборува за овој проблем и кога веќе е доставена, односно поднесена ваква декларација и овој пат како и секогаш иако е многу чувствителна работа и предлагачите веќе кога дојде времето, местото, околностите, атмосферата, значи на мајсторски начин поднесоа таква декларација, да, нормално и за свои потреби. Само јас морам и при оваа прилика да кажам дека формално, значи од формална гледна точка оваа декларација против тероризмот во Македонија е многу симпатична и занимлива и по се изгледа и актуелна. И тоа нема човек во оваа држава, ниту било каде во светот да не поддржува нешто што е против тероризмот, против убиствата, против злочините. Вие знаете во онаа бивша Југославија Титова што направи Хркач во свое време, тој бил голем усташ, значи уби човек, беа ранети 70, 80 луѓе во кино салата, а еден студент ако се сеќавате остана доживотен инвалид. Значи човек со памет,

со ум нормално дека ќе го осуди тероризмот. Меѓутоа, не само од аголот на парламентарната група на нашата партија како опозиција, меѓутоа мораат заради вистината да се каже дека суштината, содржината на оваа декларација ми личи на нешто друго. Таа е толку формална, толку декреативна, толку сувопарна што навистина не заслужува да се разговара, а ќе гласаме нормално, затоа што е потребна. Значи ние го осудуваме тероризмот, злочинот, лошото, убиствата на недолжни и невини луѓе. И сега што? Нека се налути кој сака, меѓутоа целиот текст на оваа содржина на декларацијата нема ништо конкретно, нема нешто да се осудува што не е направено, не е учинето. Лесно е тоа да се донесе декларација, меѓутоа овие работи кои се случија во оваа држава во овие четири, пет, шест години, па Бит Пазар, Речица, Гостивар, па сега еве Тетово, па Прилеп, па Куманово, беше тука спомнато да не повторувам. Ве молам каде ни се резултатите? Значи во оваа декларација, во овој предлог кој се поднесува од страна на една парламентарна опозиција, ве молам, ама ништо, баш ништо нема опозиционо. Тоа е исто како предлогот, декларацијата да ја напишала Владата, а за жал се зборува за тероризмот, а ниеден претставник во овој момент и за цело време од Владата немате.

Од друга страна во самиот текст, па дури граѓаните на оваа Влада, на оваа извршна власт која треба да сноси одговорност, како што рече господинот Рами Туда дека постои државен терор. Јас би рекол, можеби вака би ублажил, владин терор, полициски терор, министерски терор, значи никако да се бара одговорност и се посомневав затоа што вие знаете дека баш оваа парламентарна група без оглед на тоа може велам повеќе пати фиктивна, камуфлажа, разговор, договор. Денеска вие немате никаква разлика како опозиција. Тоа значи како да е само потписник на владин текст, на владин предлог,

нека не е така, уште полошо ако се идентификува, ако се соодветствува, значи со мислењето на Владата, значи нешто не е во ред. И што? Ова ми личи потполно на политички маркетинг, припрема за новите избори и нови индиции, нова искра за но,ва соработка, повторувам соработка помеѓу бившите коалициони партнери. Тоа е точно и тука нема веќе никакво играње. Затоа тероризмот го осудуваме. Требаше информација, затоа нема тука, може и вака само декларација. Тоа по Уставот да, можеме ние секој ден и како парламентарна група да предлагаме разни декларации, разни резолуции кои вие сте принудени да ги прифатите, затоа што се чувствителни и со тоа сте согласни сите. Значи не заради некоја форма, туку ние суштински како партија, како парламентарна група и како поединци не боли тероризмот затоа што е вперен против човечкото тело, против материјалните добра, против сопственоста, против невини луѓе кои ќе се најдат случајно во тие згради, или таму каде што тоа се случува. Значи во тој поглед треба да ги оставиме луѓето на мир и ова да не ни послужи само како политички маркетинг. Нормално ние како група ќе гласаме затоа што сме и принудени да гласаме, не затоа што некој ќе ни каже: зошто не гласате, туку ние така и мислиме суштински. Значи нема паметен човек, човек со мозок било во државата, било каде да не го осудува тероризмот, а ние секогаш сме воделе борба против тероризмот, против лошото, дури и да се открие и да се сноси одговорност за такви злочини кои досега ни се случувале и кои можат да се случуваат и во иднина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе дами и господа, сосема накратко само неколку реченици би сакал да кажам. Неколкумина се обидоа да

анализираат би рекол некоја задна намера, или не знам како на оваа декларација. И само би рекол дека најголемиот број од дискутанти и поголемиот број скоро и од пратеничките групи се согласија по од- нос на едно прашање дека по однос на сузбивањето и спречувањето на тероризмот нема опозиција и позиција, туку има политички чинители кои што знаат што е државен интерес и како да се зачува државата и мирот на граѓаните. Така што воопшто јас како еден од предлагачи- те и член на ЛДП, односно на нејзината пратеничка група немавме на- мера во овој момент да бидеме опозиција или не знам што, туку имав- ме намера да го покажеме интересот за развојот на државата.

Второ прашање беше речено дека со декларацијата можеби да се внесе страв помеѓу граѓаните, односно да се уплашат граѓаните од нешто што ете, наводно постои. Сметам дека ваквата декларација не може да внесе став, напротив граѓаните се тревожат од бомбите и од експлозиите кои што се случуваат, а не се тревожат од декларацијата.

Трето, како недостаток на декларацијата се напоменуваше дека таа не располага со информации по одредени прашања. Јас во оваа прилика само би нагласил ако добро се прочита третиот член од декларацијата во кој што се вели дека со оглед на тоа што низа терористички акции почнувајќи од атентатот на претседателот на Републиката, убиства и други форми на тежок криминал останаа нерасветлени во подолг период. Собранието на Република Македонија бара надлежните органи максимално да ги засилат своите активности, да ја зголемат својата ефикасност во откривањето на сторителите на акциите и нивното изведување пред лицето на правдата. Со ова мислам дека се кажува доволно дека Собранието на Република Македонија бара од надлежните органи овие сите несакани досегашни ситуации са се рзсветлат.

И на крајот сметам дека би било добро со оглед на тоа што треба поцелосно информирање на граѓаните на Република .Македонија да го дополниме заклучокот при донесувањето на оваа декларација да текстот на декларацијата кој што ќе го усвои Собранието на Република Македонија да се надополни со амандманот од пратеничката група на СДСМ да се објави во дневниот печат во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата. Координаторот на пратеничката група на СДСМ, пратеникот Љубомир Поповски поднесе амандман на точка 4 став 2 со кој предлагачот се согласи и тој е составен дел на текстот на декларацијата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата против тероризмот во Република Македонија.

Заклучокот повеќе го чувствувам како работен на господинот Најдовски и тоа во договор со една од издавачките куќи ќе се договориме да се објави.

Ја прекинувам седницата, а ќе продолжиме со утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,25 часот).